**Проф. д-р Гордана Лажетиќ**

**Доц.д-р Елена Мујоска – Трпевска**

**Проф. д-р Лазар Нанев**

# УСЛОВЕН ОТПУСТ

## - Легислативна рамка и (не)ефективност во примената –

**Скопје, октомври 2024**

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на МПД и на никаков начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


Извршно резиме ... 4
1. Појава и развој на системот на условен отпуст ... 6
1.1. Зачеток на идејата за условно отпуштање ... 6
1.2. Почетоци на условниот отпуст во Европа (почеток на XIX век) ... 7
1.3. Појава на формално законодавство (крај на XIX и почеток на XX век) ... 8
1.4. Условниот отпуст во текот на XX век ... 9
1.5. Состојби со условниот отпуст во XXI век ... 10
2. Европски модели на условен отпуст ... 13
2.1. Модел на дискреционен условен отпуст ... 13
2.2. Модел на задолжителен условен отпуст ... 15
2.3. Модел на мешовит условен отпуст ... 17
3. Релевантни меѓународни и европски документи ... 19
3.1. Стандардни минимални правила на Обединетите нации за третман на затвореници (правила на Нелсон Мандела) ... 19
3.2. Документи на Советот на Европа ... 20
4. Анализа на домашната правна рамка ... 24
4.1. Краток осврт врз правната природа на условниот отпуст ... 24
4.2. Административно одлучување ... 26
4.3. Условен отпуст во судска надлежност ... 27
*4.4.* Релевантна законска рамка *de lege lata* ... 28
4.4.1. Кривичен Законик ... 28
4.4.1.1. Определување ... 28
4.4.1.2. Отповикување ... 29
4.4.2. Закон за правда за децата ... 30
4.4.2.1. Определување ... 30
4.4.2.2. Отповикување ... 31
4.4.3. Закон за извршување на санкциите ... 31
4.4.4. Закон за пробација ... 34
4.5. Надзор и контрола врз условниот отпуст ... 34
4.5.1. Електронски мониторинг ... 34
4.5.2. Заштитен надзор кон полнолетни ... 35
4.5.3. Засилен надзор кон деца ... 37
5. Емпириска анализа на условниот отпуст ... 39

5.1. Методолошки пристап ........ 39
5.2. Инструмент за прибирање податоци од судовите ........ 39
5.3. Анализа на добиените податоци ........ 42
5.3.1. Број на поднесени барања за условен отпуст по години ........ 42
5.3.2. Соодност на прифатени и одбиени барања за условен отпуст по години ........ 46
5.3.3. Причини за одбивање на барањето за условен отпуст ........ 47
5.3.4. Висина на издржаната казна во моментот на поднесување на барањето за условен отпуст ........ 49
5.3.5. Временски период на одобрениот Условен отпуст по години ........ 49
5.3.6. Висина на казната затвор на осуденото лице за кое е одобрен условен отпуст по години ........ 51
5.3.7. Број на отповикани барања за условен отпуст ........ 51
6. Влијанието на ефективен условен отпуст врз донесување закони за амнестија ........ 53
7. Предлози за нов модел на условен отпуст спрема возрасни осудени лица *de lege ferenda* ........ 54
Користени извори ........ 56

## Извршно резиме

Условниот отпуст претставува институт за казненото право и еден од најважните механизми на современата пенологија кој овозможува партиципативен пристап кон извршување на затворска казна со вклучување на самиот осуден и пробациски служби коишто вршат надзор.

Подготовките за условен отпуст треба да започнат со денот кога затвореникот ќе отпочне со издржување на казната затвор, а изречените кратките казни затвор до шест месеци треба да се извршуваат по пат на условен отпуст со заштитен надзор. Криминалната зараза, рецидивизмот и стигматизацијата се главните недостатоци на казната затвор и тие може да се одбегнат само со алтернативни решенија за неизрекување на казна затвор (особено на кратки казни затвор до шест месеци) и промовирање на почест условен отпуст со електронски надзор или задолжителен условен отпуст согласно законски критериуми, повторно со електронски надзор.

Условниот отпуст не е начин на корекција на санкцијата што ја одмерил судот, туку начин на доизвршување на затворската казна откако се постигнале целите на казнувањето. Кратките казни затвор до шест месеци не овозможуваат никакви промени кај осудениот и затоа тој не треба да биде упатен во затвор, туку на алтернативна мерка, а ако судиите немаат слух за контрапродуктивноста на кратките казни затвор, начинот на нивното извршување треба да се одвива на начин што ќе спречи криминална зараза и стигматизација, а тоа подразбира осудениот да не добие статус на затвореник.

Развојот на казнениот пристап од гола ретрибуција и телесни казни, преку ресоцијализација и ресторативна правда, до алтернативи на лишувањето од слобода е цивилизациска придобивка. Обврска на модерното општество е да создаде законски, институционални и кадровски услови за успешна социјална реинтеграција и широко користење на алтернативите за казната затвор и условен отпуст користејќи го техничко-технолошкиот развој и електронските можности за надзор.

Условниот отпуст треба да биде мотив за затворениците да ги остваруваат содржините на третманот во затворот, да соработуваат, да стекнуваат здрави навики и да учат како да водат законит живот во иднина.

Предвременото отпуштање од затвор е поттикнато и во релевантни меѓународни документи и препораки на Советот на Европа. Времето за прилагодување на животот на слобода е правопропорционално со времето поминато во затвор.

Ниската стапка на отповикани условни отпусти во Република Северна Македонија е охрабрувачки аргумент за почесто определување на условниот отпуст. Постоењето и сé поголемата ефективност на пробациската служба е гаранција повеќе дека надзорот врз условно отпуштениот успешно ќе се остварува. Во прилог на преиспитување на режимот на условен отпуст оди и фактот дека постпеналната помош речиси и да не постои во нашата држава, па

единствена реална можност за пружање помош и поддршка на лицата што биле на издржување казна затвор е ефективен систем на условен отпуст со заштитен надзор.

Промена на режимот на извршување на казната затвор и воведување можност за задолжителен условен отпуст со надзор согласно критериуми пропишани во закон се наметнува како приоритет со цел растоварување на затворите од лица чие превоспитување е остварено, но и демотивирање на судиите да изрекуваат кратки казни затвор.

Ефективен систем на условен отпуст со заштитен надзор ќе овозможи контролирање на пренатрупаноста во затворите и нема да постои причина за често донесување на закони за амнестија чијашто цел е намалување на затворската популација.

## 1. Појава и развој на системот на условен отпуст

Концептот на условен отпуст, често поврзан со условно ослободување и предвремено напуштање на затворот има долга историја и облици на еволуирање коишто помагаат да се сфатат неговата природа, цел и предности.

### 1.1. Зачеток на идејата за условно отпуштање

Првите почетоци на условниот отпуст се појавуваат на почетокот на XIX век. Имено, една од најраните имплементации на овој институт се среќава во системот на извршување санкции поставен од Александар Маконаки (Alexander Maconochie) во периодот по 1836 година, кога Маконаки бил задолжен за менаџирање на британската казнена колонија во Австралија.[1] Овој систем не бил законски регулиран, туку се спроведувал на експериментална основа.

Маконаки вовел систем каде затворениците можеле да бидат порано ослободени само ако покажеле позитивен напредок преку добро однесување, труд и образование, којшто во домашната литература е познат како Маконакиев бодовен систем.[2] Неспорено е дека Маконаки придонел за либерализација на пенолошката мисла што го овозможило воспоставувањето на системите за предвремено условно ослободување на затворениците па се до денес познатиот модел на условен отпуст. [3] Маконоки имал позитивен пристап кон начинот на извршување на казната затвор и верувајќи во успехот на превоспитувањето и ресоцијализацијата, дал огромен придонес кон развој на условното отпуштање како начин за побрза социјална адаптација и водење законит живот надвор од казнената установа.[4] Системот на условен отпуст (parole) претставувал систем во кој лицата се ослободувале од затвор за да живеат во слободна заедница, но подлежеле на ограничувања кои не биле од физичка природа, туку вообичаено ги обврзуваат да се воздржат од одредено однесување односно им се наметнувале некои обврски во однос на однесувањето кои не се барале од неосудуваните. Задачата за контрола врз спроведување на овие ограничувања понекогаш им била доверувана на лица специјално назначени за оваа намена, а понекогаш на полицијата, а нивното спроведување се вршело преку надзор кој можел да се движи од репресивен надзор до поддржувачко советување. Прекршувањето на условите за условно ослободување водело кон тоа условно отпуштениот да биде вратен во затвор. Бодовниот систем бил заснован на

[1] Moore, J., Alexander Maconochie's „Mark system", Prison Service Journal, 198. pp. 38-46, 2011.
[2] Арнаудовски, Љ./Груевска-Дракулевски, А., Пенологија – прв дел, Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, 2013, стр. 227-230.
[3] Подетално: Barry, J., Pioneers in Criminology-Alexander Maconochie (1787-1860), The Journal of Criminal Law & Criminology, Vol. 47, p. 145, 1956; White, S., Alexander Maconochie and the Development of Parole, The Journal of Criminal Law & Criminology, Vol. 67, no. 1, pp. 72-88, 1976.
[4] Своите ставови, идеи и видувања за потребата од унапредување на системот на извршување на казната затвор, Маконаки ги објаснил во своето дело: Alexander Maconochie, "General Views Regarding The Social System Of Convict Management", 1839

учинокот од работењето и Маконаки настојувал да го апострофира значењето на работата наместо строгото врзување за должината на казната затвор.

## 1.2. Почетоци на условниот отпуст во Европа (почеток на XIX век)

За многу европски држави условниот отпуст произлегол од активностите поврзани со грижа за затворениците по напуштање на затворот. Првите примери на пробациската работа се појавиле во Европа во првата половина на XIX век. Имено, во овој период активни биле добротворни и верски институции кои почнале да се грижат за судбината на затворениците и започнале да ги обучуваат затворениците давајќи им материјална и нематеријална поддршка.[5]

Вакви примери постоеле во Германија, Ирска, Луксембург и Швајцарија.

Во Холандија, првата организација за пробациска служба, наречена „Друштво за морално подобрување на затворениците“, потекнува од 1823 година.

Во Данска од 1843 година приватни организации им помагале на ослободените затвореници, а пробациска работа со затвореници ослободени под определени посебни услови се изведувала уште во 1905 година.

Во Финска, приватни организации финансирани од христијански добротворни организации работеле во затворите уште во 1870 година

Во Англија, раѓањето на пробациската служба датира од 1876 година, кога донацијата на Здружението за умереност на црквата на Англија (*Church of England Temperance Society*) придонело за назначување на неколку „мисионери на судска полиција“ кои им помагале на затворениците држејќи ги подалеку од ризиците што можеле повторно да ги вратат во затвор и помагајќи им да најдат работа и место за живеење. Триесет години подоцна, ваквите доброволни активности прераснале во законска обврска и одговорност.

Во Франција, во втората половина на 19 век, голем број „клубови“ и „заедници“ со христијанско добротворно потекло биле единствените организации на кои официјално им било доверено да работат со сторителите на кривични дела, и за време на престојот во затвор и по нивното ослободување. Овие организации станале независни и добиле државно финансирање со Актот на Владата (*Governmental Act*) во 1885 година.

---

[5] Подетално: van Kalmthout, Anton M./ Durnescu, Ioan, European Probation Service Systems A comparative overview, Chapter 1, во A. M. van Kalmthout, & I. Durnescu (Eds.), Probation in Europe, pp. 1-42, Wolf Legal Publishers (WLP), 2008.

## 1.3. Појава на формално законодавство (крај на XIX и почеток на XX век)

Во однос на формалното законодавство, првите закони за условно ослободување започнале да се донесуваат кон крајот на XIX и почетокот на XX век.

Во Белгија, Кривичниот законик од 1867 година бил под влијание на Класичната школа и во него постоеле две казни: парична казна и затворска казна. Поради активности на група доброволци (патронажни комитети) од средната класа со „висока морална вредност" се сфатило дека има позитивен ефект ако се врши контролата врз ослободените затвореници. Меѓутоа, волонтерите имале ограничен опсег на контрола врз поранешните затвореници, па било одлучено ваквата контрола законски да се регулира. Ова придонело да биде донесен првиот Закон за условна казна и условно ослободување (познат како Законот на Лежен „*Loi Lejeune*", којшто бил министер за правда) на 31.05.1888 година.[6] Овој датум се смета за датум на воведување на условен отпуст во Белгија.[7] Имено, затворениците имале право на условно ослободување откако ќе отслужат една третина од казната и најмалку три месеци, а рецидивистите требало да отслужат две третини од казната и најмалку шест месеци. Воведувањето условен отпуст во казнениот систем им дал вистинска моќ на патронажните комитети, бидејќи непочитувањето на условите и упатствата можело да резултира со повторно затворање.

Кон крајот на XIX век дошло до 'судир' меѓу класичната школа (заснована на теоријата на одмазда и одвраќање) и школата на позитивното право (заснована на заштита на општеството со научна анализа и третман на причините за криминалот).[8] Позитивистите верувале дека казната треба да се замени со превентивни мерки пропорционални на опасноста на сторителот. Судирот помеѓу класичната казнена теорија за одмазда и одвраќање наспроти позитивистичката теорија, довело до еклектичната белгиска казнена школа,[9] при што класичната теорија се применувала за сите престапници кои биле одговорни за своите дела, а теориите за заштита на општеството биле ограничени само на посебни категории престапници: скитници и питачи (Закон од 1891), малолетни престапници (Закон од 1912), ментално болни престапници и вообичаени (habitual) престапници (Закон од 1930 година).

---

[6] Bauwens, A./Devos, A., Probation in Europe – Belgium, CEP - Confederation of European Probation, Utrecht, The Netherlands, 2015

[7] Proposition de loi établissant la libération anticipée, Document parlementaire n° 1-40/1, 07.07.1995, https://www.senate.be/www/?MIval=publications/viewPub.html&COLL=S&LEG=1&NR=40&VOLGNR=1&LANG=fr

[8] Подетално: Snacken, S./Beyens, K./Tubex, H., Adult corrections in Belgium, in J. Winterdyk (ed.), Adult corrections: international systems and perspectives, pp. 21-61, Monsey, New York: Criminal Justice Press, 2004.

[9] Tubex, H., Dangerousness and risk. From Belgian positivism to new penology, in N. Hutton and C. Tata (eds.), Sentencing and society: international perspectives, pp. 452-468), Ashgate: Aldershot, 2002

## 1.4. Условниот отпуст во текот на XX век

На европско тло по примерот на Белгија, повеќе држави донеле закони со кои се пропишувала можноста за условно отпуштање на затворениците. Во XX век, системите за условно ослободување во Европа значително еволуирале. Концептот на условно ослободување е изведен од идејата дека ослободувањето на затвореникот се заснова на нивното ветување дека ќе се придржуваат до одредени услови. Системите за условно ослободување почнале да се воспоставуваат во неколку европски земји, вклучувајќи ги Германија, Шпанија и Англија. Овие системи биле под влијание на реформаторското движење, кое ја нагласува ресоцијализацијата наместо казната.

Првиот германски закон за условно ослободување бил донесен во 1913 година како дел од германскиот Кривичен законик (*Strafgesetzbuch - StGB*). Овој закон го вовел концептот на условно ослободување за затворениците кои покажале добро однесување и веројатност за рехабилитација.

Првиот закон за условно ослободување во Шпанија бил донесен во 1914 година со Кралски декрет (*Royal Decree 515/061*). Овој закон го вовел концептот на условно ослободување (*libertad condicional*) за затворениците кои покажале добро однесување и веројатност за рехабилитација.

Во Шведска први законски одредби за вршење на надзор во заедницата (пробација) на сторителите на кривични дела е вововедена со Законот за условна казна од 1918 година (1918 Conditional Sentence Act).[10]

Во САД првиот закон за условно ослободување бил донесен на 25 јуни 1910 година.[11] Тој дозволувал условно ослободување на федералните затвореници пред завршувањето на нивната казна, врз основа на добро однесување и други фактори. Системот за условно ослободување првично бил управуван од одбори за условно ослободување во секој федерален казнено-поправен дом, во кој биле вклучени управникот, лекарот и надзорникот на затворите.

Системите на условно ослободување еволуирале во текот на XX век на начин што повеќе се фокусирале на ресоцијализација на сторителите и нивна успешна реинтеграција во општеството. Притоа се забележуваат три основни правци на еволуирање:

- Проширување и стандардизација - системите за условно ослободување станале постандардизирани и пошироко распространети, а постојано се зголемувал и бројот на држави кои усвоиле слични системи, фокусирајќи се на рехабилитација и реинтеграција на затворениците во општеството;

[10] Boijsen, G./Tallving, G., Probation in Europe – Sweden, CEP - Confederation of European Probation, Utrecht, The Netherlands, 2017

[11] Подетално: Hoffman, Peter B., History of the Federal Parole System, NCJ Number 202937, May 2003.

- Одбори за условно ослободување - основањето на одбори за условно ослободување стана вообичаено, обезбедувајќи структуриран процес за евалуација на барањата за условно ослободување;

- Проценка на ризикот – со текот на примената на условното ослободување се воочи потребата од воведување алатки за проценка на ризикот кои треба помогнат при донесување на одлука за условно ослободување со цел процена на веројатноста за повторно сторување на кривично дело.

Еволуцијата на условното ослободување, практичните предизвици и проблеми во успешноста за социјална адаптација на затворениците во општеството придонесе и за појава на определени критики или ризици кои може да го загрозат правичното и објективно условно ослободување помеѓу кои особено може да се наведат:

- Дискреција и пристрасност - критичарите тврдат дека може да постои пристрасност во одлуките за условно ослободување, што доведува до неконзистентни и неправични исходи. Особено се критикува дискрециониот карактер на условниот отпуст при што постои ризик од субјективизам што може да резултира со разлики врз основа на раса, социо-економски статус и други фактори;

- Рецидивизам – постои загриженост за високите стапки на рецидивизам кај условно отпуштените што се должи на тоа што системите за условно ослободување понекогаш не успеваат да обезбедат соодветна поддршка и социјална интеграција во општествтото, што доведува до повторно сторување на кривично дело;

- Условното отпуштање прераснува во казнена мерка - некои критичари сметаат дека условното ослободување е продолжување на затворскиот систем, каде што ослободените се подложени на строги услови и надзор кои добиваат казнен наместо рехабилитационен карактер;

- Заштита на јавната безбедност - постои загриженост дали условното ослободување секогаш води сметка за заштита на јавниот интерес, особено кога станува збор за сторители на тешки кривични дела и се укажува на тоа дека условното ослободување може да претставува ризик за јавната безбедност доколку не се управува правилно;

- Вршење надзор од приватни организации – критичарите сметаат дека вклучувањето на приватните организации во надзорот на условното ослободување е прилично проблематично бидејќи приоритетот се изместува од благосостојбата на осудените кон профитот.

## 1.5. Состојби со условниот отпуст во XXI век

Модерното законодавство во однос на условниот отпуст е веќе солидно развиено и унапредено, воочени се проблемите, потешкотиите и предизвиците, надминати се многу дилеми во практичната примена, зајакнати се пробациските капацитети и во институционална и во кадровска смисла со цел успешно спроведување на пробациските активности.

Техничко-технолошкиот развој и иновациите неизбежно имаат свој импакт и врз начинот на спроведување на условното ослободување и имаат за цел да овозможат поефикасен и похуман систем за условно ослободување и остварување на потребниот баланс помеѓу потребите за заштита на јавната безбедност и реинтеграција на условно отпуштените.

- Технолошки иновации - современите системи за условно ослободување сè повеќе користат технологија за следење на условно отпуштените, како што се електронски мониторинг со електронски нараквици за глуждот, следење преку GPS со цел зајакнување на надзорот и поголема сигурност дека условно ослободениот ќе ги почитува забраните за ограничено движење доколку постојат;

- Мобилни апликации – во подем е развивање на апликациите дизајнирани за условно отпуштените лица да може полесно да комуницираат со пробациските службеници односно службениците задолжени да вршат надзор врз условно ослободените, апликации кои ќе им овозможат на условно отпуштените да имаат потсетници за состаноци, работни обврски, како и да понудат пристап до определени услуги за поддршка во заедницата;

- Алатки за проценка на ризик – се користат напредни алгоритми за процена на ризикот од повторно сторување кривично дело, помагајќи им на органите надлежни за одлучување дали ќе се дозволи условно ослободување да донесуваат поинформирани одлуки;

- Поголем фокус врз рехабилитација– во постојан пораст е интересот за креирање и правилна имплементација на програми за рехабилитација, поддршката за менталното здравје, третман на злоупотреба на супстанции прилагодени кон индивидуалните потреби, стручно оспособување и помош за вработување за да им се помогне на условно отпуштените успешно да се реинтегрираат во заедницата.

- Акцент врз социјална реинтеграција- примарната цел на програмите за социјална реинтеграција е да им се обезбеди на престапниците помош и надзор што можеби ќе им треба за да се откажат од криминално однесување, успешно да се реинтегрираат во заедницата и да одбегнат рецидив. Генерално, постојат три главни категории на програми за социјална реинтеграција: (а) програми за рехабилитација во затвор; (б) програми за реинтеграција и постпенална грижа по ослободувањето; и (в) програми кои се базирани на извршување во заедницата.[12]

[12] Introductory Handbook on The Prevention of Recidivism and the Social Reintegration of Offenders, Criminal Justice Handbook Series, UNODC, Vienna, 2018.

- Бихејвиорални интервенции – вклучување во рамките на социјалната реинтеграција на различни програмите кои се фокусираат на когнитивно-бихејвиорална терапија (КБТ) и други психолошки интервенци кои помагаат во адресирање на основните прашања кои придонесуваат за криминално однесување;

- Ресторативна правда - некои системи инкорпорираат елементи на ресторативна правда, фокусирајќи се на поправка на штетата и вклучување на заедницата во процесот на рехабилитација;

- Стимулации за предвремено ослободување – градење политики кои овозможуваат предвремено завршување на условното ослободување за оние кои успешно учествуваат во програмите за рехабилитација со цел овие политики да бидат мотивирачки за отпуштеното лице

- Надзор во заедницата – менување на политиките на изрекување санкции со цел префрлање на фокусот од затворање врз санкии кои содржан надзор со активно учество на заедницата, што е поисплатливо и ја поддржува реинтеграцијата.

## 2. Европски модели на условен отпуст

Од анализа на компаративното законодавство може да се заклучи дека постојат три модели на условен отпуст: дискреционен, мандаторен и мешовит.

### 2.1. Модел на дискреционен условен отпуст

Овој систем е во сила во повеќето европски земји кои практикуваат условно ослободување. Според овој систем надлежен орган одлучува дали некој затвореник ќе биде условно отпуштен, при што е неопходно да бидат исполнети објективни услови (дел од изржана казна затвор) но и субјективни услови (однесување во КПУ/ВПУ, остварување на третманот, образование, работен ангажма и сл. коишто водат кон заклучок дека целите на казнувањето се исполниле иако не поминало времето што судот го определил како траење на затворската казна).




Согласно Препораката на Советот на Европа бр. 22 од 2003 година во однос на условниот отпуст,[13] во државите што прифаќаат дискеционен модел на условен отпуст, потребно е да се одреди минималниот период што затворениците треба да го поминат во затвор за да се квалификуваат за условно ослободување при што критериумите што затворениците треба да ги исполнат треба да бидат јасно и експлицитно пропишани со закон. Воедно, се препорачува да се земаат предвид личноста на затвореникот, како и социјалните и економските околности важни за неговото успешно реинтегрирање.

Посебно се нагласува дека неможноста да се најде вработување/работа не смее да биде околност за одбивање или одложување на условниот отпуст, но дека е потребно да се најдат можности за вршење определено занимање.

Во системите со дискрецион модел на условен отпуст, вообичаено има различни услови во однос на примарни сторители и повторници. Примарните

[13] Recommendation Rec (2003) 22 of the Committee of Ministers to member States on conditional release (parole), Adopted by the Committee of Ministers on 24 September 2003.

сторители може да бидат условно отпуштени по издржана ½ од казната, а рецидивистите по издржани најмалку 2/3 од затворската казна.

По отпуштањето, во некои држави надзор им врши судија за извршување на санкции или, пак,надзорот е доверен на пробациските служби.

Во дискреционите системи, индивидуализацијата на одлуката се одвива на три нивоа:

I – одлука за условно ослободување, при што е можно сторителот осуден на затворска казна и да не биде предвремено отпуштен, туку да ја издржи целата изречена казна

II – избор на критериуми за условно ослободување откако ќе се отслужи минималниот период во затвор

III – избор на условите што му се наметнуваат на лицето по ослободувањето, односно во периодот на мониторинг во заедницата.[14]

Оние европски земји во кои се применува дискрециониот систем често се соочуваат со опаѓање на доделувањето условен отпуст во последните години што се должи на неколку причини:[15]

- Негативно јавно мислење – јавноста е генерално многу слабо информирана за прашањата поврзани со извршувањето на казните, па ги смета мерките за предвремено ослободување како знак на благост кон затворениците;

- Потешкотии во социјален и економски контекст - условите за условен отпуст честопати се недостижни за затворениците од маргинализираните групи, за коишто постои и тешкотија да се најде разумно стабилно сместување и особено вработување при напуштање на затворот;

- Промена во структурата на затворската популација – имајќи ја предвид зачестеноста на затворски казни за сексуално насилство или трговија со дрога, луѓе или деца, јасно е зошто не може да дојде до зголемување на стапките на предвремено ослободување;

- Почесто определување неиндивидуализирани мерки – во некои држави наместо условно ослободување почесто се донесуваат закони за амнестија и/или колективно помилување. Овие случаи имаат за цел справување со пренатрупаноста во затворите и одржување на дисциплината.

Советот на Европа препорачува во случаите кога органот за одлучување ќе одлучи да не одобри условен отпуст, потребно е да определи датум за повторно разгледување на барање за условен отпуст. Во секој случај,

[14] Tournier, Pierre V., Systems of Conditional Release ( Parole) in the Member States of the Council of Europe - Between the principle of equality and individualization, pragmatism, Penal Field, Vol. I, 2004.
[15] Ibid.

затворениците треба да имаат можност повторно да поднесат барање за условен отпуст веднаш штом нивната ситуација значително ќе се промени во нивна корист.[16]

## 2.2. Модел на задолжителен условен отпуст

Во овој систем условниот отпуст е задолжителна последна фаза од издржувањето на затворската казна и претставува фаза што како право му следува на осудениот по истек на определен период на време во зависност од должината на изречената казна затвор.

Препораката бр. 22 од 2003 година на Советот на Европа, исто така, предвидува можност за прифаќање на систем за задолжителен условен отпуст, како последен стадиум од извршувањето на затворската казна.[17]

Во случај на прифаќање на овој модел, периодот што затворениците мора да го поминат во затвор за да добијат право на ослободување треба да биде одреден со закон. Само во исклучителни околности, исто така јасно и прецизно дефинирани со закон, треба да постои можност за одложување на ослободувањето и во таа одлука треба да се одреди нов датум за условно ослободување.




На европско тло задолжителен систем на условен отпуст постои во Шведска и во Грција.

Во мандаторните системи, индивидуализацијата на одлуката се одвива само на третото ниво, односно при избор на условите што му се наметнуваат на лицето по ослободувањето, односно во периодот на мониторинг во заедницата.

### Шведска

[16] Recommendation Rec (2003) 22, оп.цит.
[17] Recommendation Rec (2003) 22 , оп.цит.

Системот за задолжително ослободување постои во Шведска од 1998 година, а се применува од 01.01.1999 година. Затворениците кои се осудени на затворска казна мора да добијат условен отпуст откако ќе отслужат 2/3 од казната, со минимум затворски престој од 30 дена.[18]

Условното ослободување може да се одложи за одреден број денови како дисциплинска мерка. Кога се определува за колку дена условниот отпуст ќе биде одложен, особено се зема предвид природата и обемот на прекршувањата што предизвикуваат одложување на условниот отпуст. Условното ослободување може да се одложи за најмногу 180 дена.[19]

Условното ослободување не е применливо во случај на кратка затворска казна комбинирана со условна мерка или во случај на доживотен затвор. Доживотна казна може да се претвори во казна до време со помилување, во тој случај може да се применува правилото за ослободување кога се отслужени две третини од казната.

## Грција

Според одредбите на Кривичниот законик,[20] условниот отпуст се одобрува по правило на датумот кога осудениот се стекнува со тоа право. Одобрувањето го врши судскиот совет. Може да не дојде до одобрување само ако се донесе конкретно образложена пресуда дека е неопходен понатамошно затворање за да се спречи повторно извршување на кривично дело. Проценката за идното однесување може да се заснова само на однесувањето на затвореникот во затворот.

Ослободувањето се дава под услов да не се повтори извршување на кривичното дело со обврска редовно да се јавува во полицискиот орган на местото на живеење.

Затворениците имаат право на условно ослободување по завршување на:

- 2/5 за казни до пет години,
- 3/5 за казни од пет до 20 години
- 20 години за доживотен затвор
- 25 години за затворениците кои отслужуваат доживотна казна за трговија со дрога

Предвремено ослободување се дава и на затвореници над 70 години или затвореници со многу сериозни здравствени проблеми, затвореници над 65 години, затвореници со сериозни инвалиди или здравствени проблеми и мајки за периодот додека ги имаат деца со нив во затвор (додека не наполнат три години)

[18] The Swedish Criminal Code, Chapter 26 – On imprisonment, Section 6, https://bwcimplementation.org/ sites/default/files/resource/Sweden%20Criminal%20Code%20ENG%20SWE_0.pdf
[19] The Swedish Criminal Code, Chapter 26 – On imprisonment, Section 7, ibid.
[20] Criminal Code of Greece, Art. 105-106, 109-110, Mavris, N/Koulouris, N/Anagnostaki, M., Probation in Europe – Greece, CEP - Confederation of European Probation, Utrecht, The Netherlands, 2015

По измените во 2013 година, овозможено е порано условно ослободување со електронски мониторинг за период кој се протега до денот на правото за предвремено ослободување.[21]

### 2.3. Модел на мешовит условен отпуст

Мешовитиот систем на условен отпуст постои во случај кога законски пропишаните услови подразбираат комбинирање на претходните два система, па во зависност од должината на изречената казна затвор или од пропишаната казна затвор согласно одредбите во кривичното материјално право во дел се применува дискреционен а во дел се применува мандаторниот систем на условен отпуст.

Системите на условен отпуст се во зависност од должината на изречената казна затвор.




Мешовит модел постои во Англија и Велс и подразбира:

- дискреционот систем за долги казни (од четири години и подолги) и
- задолжително ослободување за кратки казни (до четири години).

Во 1991 година било воведено целосно редефинирање на системот, според кој било воведено задолжително ослободување за казни до четири години, со можност за надзор, додека дискреционот систем бил задржан за казни од четири години или повеќе.

Па во оваа смисла, од 01.10.1992 година, затворениците осудени на помалку од една година автоматски биле ослободувани по истек на половина од

[21] Art. 110B and 110C, Criminal Code of Greece, 4205/2013, Mavris, N/Koulouris, N/Anagnostaki, M., op.cit.

казната. Спрема овие затвореници не се применувале мерки на надзор и следење, а постоела можност по ослободувањето да бидат вратени во затвор доколку се осудени за друго дело казниво пред целосното истекување на казната.[22]

Затворениците кои издржуваат казна од една до четири години автоматски се ослободуваат на половина од издржаната каза и се подложени на режим на следење и проверки, со специфични услови во коишто не може да се определи куќен затвор, но затоа постои обврска за задолжителен полициски час (curfew order), до издржани ¾ од казната. Во случај на непочитување на наметнатите ограничувања и обврски лицето ќе биде вратено во затвор,[23] исто како и ако стори ново кривично дело.[24]

Затворениците осудени по 01.10.1992 година и отслужување на казна од четири години или повеќе подлежеле на следниов режим на условен отпуст:

- тие се подобни за условен отпуст по половина од издржана казна,[25] па до 2/3 од казната
- условите се испитуваат при годишно испитување на случајот од страна на Одборот за условно ослободување.

Затворениците кои нема да поднесат барање за условен отпуст или ако барањето им биде одбиено, автоматски се ослободуваат откако ќе отслужат 2/3 од казната.[26]

Овој систем на условен отпуст во Англија и Велс од 1991 година има претрпено повеќе измени: зајакнување на заштитата на јавниот интерес, правата на жртвата, начинот на одлучување на одборите за условен отпуст и сл.[27]

---

[22] Article 40, The 1991 Criminal Justice Act in England and Walest
[23] Articles 38 and 39, The 1991 Criminal Justice Act in England and Wales
[24] Article 40, The 1991 Criminal Justice Act in England and Wales
[25] Article 35, The 1991 Criminal Justice Act in England and Wales
[26] Article 33 para. 2, The 1991 Criminal Justice Act in England and Wales
[27] Подетално: Root and Branch Review of the Parole System: The Future of the Parole System in England and Wales, Presented to Parliament by the Lord Chancellor and Secretary of State for Justice by Command of Her Majesty, March 2022, Crown copyright 2022.

## 3. Релевантни меѓународни и европски документи

### 3.1. Стандардни минимални правила на Обединетите нации за третман на затвореници (правила на Нелсон Мандела)

Целите на казна затвор или слични мерки што се состојат во лишување на слободата на една личност првенствено се насочени кон заштита на општеството од криминал и кон намалување на рецидивизмот. Меѓутоа, посебно се нагласува дека овие цели може да се постигнат само ако периодот на престој во затвор се користи за да се обезбеди, колку што е можно, реинтеграција на осудените лица во општеството за по ослободувањето да можат самостојно да водат законит живот.[28]

Од моментот кога затвореникот ќе започне со издржување на казната затвор, треба да се води сметка за условите што ќе ги има по ослободувањето, па во оваа смисла потребно е да се охрабрат затворениците и да им се даде помош за одржување или воспоставување на односи со лица или агенции надвор од затворот, кои може да ја олеснат неговата рехабилитацијата и да се води сметка за најдобри интереси на неговото семејство.[29]

Пред завршувањето на казната затвор, пожелно е да се преземат потребните чекори за да се обезбеди постепено враќање на затвореникот на живот на слобода. Оваа цел може да се постигне, во зависност од случајот, со режим на третман пред ослободување организиран во истиот затвор или во друга соодветна институција, или со ослободување од затвор и ставање под некаков вид надзор кој не смее да се довери на полицијата, но треба да се комбинира со ефективна социјална помош.[30]

Но, во Мандела Правилата, се укажува и на тоа дека должноста на општеството не завршува со ослободување на затвореникот, туку е потребно да постои ефективна постпенална помош. Имено, потребно е да постојат државни или приватни агенции способни да му пружат на ослободениот затвореник ефикасна постпенална грижа насочена кон намалување на предрасудите против него и кон неговата соодветна социјална рехабилитација,[31] како и продолжување на психијатрискиот третман по ослободувањето и обезбедување на социјално-психијатриска последователна грижа доколку е потребно.[32]

---

[28] Rule 4 para.1, The United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules), https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/Nelson_Mandela_Rules-E-ebook.pdf
[29] Rule 107, ibid.
[30] Rule 87, ibid.
[31] Rule 90, ibid.
[32] Rule 110, ibid.

## 3.2. Документи на Советот на Европа

Советот на Европа долги години посветува особено внимание на состојбата во казнено-поправните установи промовирајќи го изрекувањето на алтернативни казни наместо казна затвор, извршување на санкциите во заедницата наместо во изолација во установите, поттикнување на условно отпуштање, како и акцентирање на взаемната соработка помеѓу државите во однос на извршувањето на надзорот кај условно ослободените.

*Европска конвенција за надзор врз условно осудени или условно отпуштени лица* е донесена пред 60 години и има за цел да помогне за унапредување на взаемната помош помеѓу државите како неопходен предуслов за успешна социјална рехабилитација на затворениците. Соработката треба да овозможи различни облици на надзор креиран според ризиците што постојат со основна цел да се олесни доброто однесување и повторно приспособување кон законит општествен живот на затворениците. Воедно, соработката во делот на надзорот треба да помогне во следење на однесувањето на затворениците и во случај на непридржување кон обврските во коишто се состои надзорот да постои можност да им се изрече казна или да се изврши веќе изречена казна.[33]

Од 1999 година, Советот на Европа вниманието го свртува кон *затворската пренатрупаност и ризиците од енормното зголемување на затвореничката популација*.[34] Се укажува дека ефикасното управување со затворската популација зависи од прашања како што се целокупната ситуација со криминалот, приоритетите во контролата на криминалот, опсегот на казни, сериозноста на изречените казни, зачестеноста на употребата на алтернативни санкции, како и ставовите на јавноста кон криминалот и казнувањето. Според Советот на Европа мерките насочени кон борба против пренатрупаноста на затворите и намалување на големината на затворската популација треба да бидат вградени во кохерентна и рационална криминална политика насочена кон спречување на криминалот и криминалното однесување, ефективно спроведување на законот, јавната безбедност и заштита, индивидуализацијата на санкциите и мерките и акцент да се стави на социјалната реинтеграција на затворениците.

Во контекст на *Препораката бр. 22 од 2003 година во однос на условниот отпуст*,[35] под условен отпуст се подразбира предвремено ослободување на осудените затвореници под индивидуализирани услови по ослободувањето. Амнестиите и помилувањата не се вклучени во оваа дефиниција. Условното

---

[33] European Convention on the Supervision of Conditionally Sentenced or Conditionally Released Offenders Strasbourg, 30.XI.1964, European Treaty Series - No. 51, Strasbourg, 30.XI.1964.
[34] Recommendation No. R (99) 22 of the Committee of Ministers to member States concerning Prison Overcrowding and Prison Population Inflation, Adopted by the Committee of Ministers on 30 September 1999
[35] Recommendation Rec (2003) 22 of the Committee of Ministers to member States on conditional release (parole), Adopted by the Committee of Ministers on 24 September 2003

ослободување е мерка што се спроведува во заедницата. Условното ослободување треба да има за цел да им помогне на затворениците да направат транзиција од живот во затвор на законит живот во заедницата преку услови што се наметнуваат по ослободувањето и надзор кои ја промовираат оваа цел и придонесуваат за јавната безбедност и намалувањето на криминалот во заедницата. Со цел да се намалат штетните ефекти од затворската казна и да се промовира условно ослободување на затворениците под услови кои бараат да се гарантира безбедноста на надворешната заедница, законот треба да овозможи условно ослободување на сите осудени затвореници, вклучително и на затворениците на доживотна казна затвор. Доколку затворските казни се толку кратки што условното ослободување не е можно, треба да се бараат други начини за постигнување на целите кон кои е насочено условното ослободување.

Со цел да се намали ризикот од рецидивизам на условно ослободените затвореници, треба да биде можно да им се наметнат индивидуални услови како што се:

- исплата на компензација или репарација на жртвите;
- подведување под третман за злоупотреба на дрога или алкохол или која било друга состојба која може да се лекува, очигледно поврзана со извршување на кривично дело;
- работење или следење на некоја друга професионална дејност,
- вклучување во процес на образование или стручна обука;
- учество во програми за личен развој;
- забрана за престој или посета на одредени места.

Согласно оваа Препорака за успех на условниот отпуст особено е значајна подготовката за условно ослободување која треба да се организира во тесна соработка со целиот релевантен персонал во установата и органите кои се вклучени во постпеналната грижа. Предуслов за успешно условно ослободување е подготовката да започне навреме и да има воспоставено меѓусекторска соработка на затворите и другите релевантни институции.

Особено е важно што во Препораката бр. 22 од 2023 година се наведуваат процедурални заштитни мерки во однос на лицето што бара условен отпуст. Имено, сите одлуките (одобрување, одложување или отповикување) во однос на условниот отпуст, како и за наметнување или изменување на условите и мерките што се дел од надзорот, потребно е да се донесат во согласност со следниве процедурални правила:

а. осудените лица треба да имаат право лично да бидат сослушани и да имаат право на правна помош во согласност со законот;

б. органот за одлучување треба внимателно да ги разгледа сите елементи, вклучително и изјавите презентирани од осудените лица во поддршка на нивниот случај;

в. осудените лица треба да имаат соодветен пристап до нивното досие;

г. одлуките треба да ги содржат релевантните причини и да им бидат доставени на осудените лица во писмена форма.

Против донесена одлука, незадоволното осудено лице мора да има можност да поднесе жалба до повисок независен и непристрасен орган, до кого треба да постои можност и за поплака поврзана со начинот на спроведување на условниот отпуст.

Со оглед на фактот што условното ослободување се смета за мерка што се спроведува во заедницата, врз условниот отпуст импликации имаат и *правилата на Советот на Европа во однос на санкциите и мерките што се спроведуваат во заедницата, содржани во Препораката бр. 3 од 2017 година*,[36] којашто ги заменила двете претходни препораки бидејќи се согледало дека видовите, природата и начинот на извршување на мерките во заедницата се менуваат и практиката наметнала потреба за замена на претходно постоечките препораки.[37]

Особено е важно што определувањето и спроведувањето на санкциите и мерките во заедницата треба да се стреми да развие чувство на одговорност на поединецот кон заедницата и треба да придонесат за личен и социјален развој на поединците, развивање на работни навики и сл., а сето тоа со цел намалување на рецидивизмот и успешна социјална реинтеграција.

Во контекст на вршењето надзор врз условно ослободените релевантни се укажувањата содржани во *Препораката бр. 4 од 2014 година во однос на електронскиот мониторинг*.[38] Согласно дополнението на Препораката, „електронски мониторинг" е општ термин кој се однесува на различни форми на надзор со кои се следи локацијата, движењето и специфичното однесување на лицата во рамките на казнената правда. Формите на електронски мониторинг се засноваат на технологија на радио бранови, биометриски или сателитски следење, при што спроведувањето се врши со уред прикачен на лицето при што мониторингот се врши од далечина.

Неспорно е дека електронскиот мониторинг кој се користи во рамките на казнената правда може да помогне да се одбегнува честото изрекување на лишување од слобода бидејќи влева сигурност дека постои безбеден начин за ефективен надзор во заедницата. Особено е важно одлуките за наметнување или отповикување на електронскиот мониторинг да ги донесува суд и да биде дозволено нивно судско преиспитување.

Имајќи го предвид техничко-технолошкиот развој и можностите на ИТ, неизбежно е да постои претпазливост и технологиите за електронскиот мониторинг да се користат согласно јасна законска регулатива и на пропорционален начин со цел да се намалат потенцијални негативни ефекти врз

---

[36] Recommendation CM/Rec (2017) 3 of the Committee of Ministers to member States on the European Rules on community sanctions and measures, Adopted by the Committee of Ministers on 22 March 2017.

[37] Recommendation Rec (2000) 22 on improving the implementation of the European Rules on community sanctions and measures и Recommendation Rec (92) 16 on the European rules on community sanctions and measures.

[38] Recommendation CM/Rec (2014) 4 of the Committee of Ministers to member States on electronic monitoring, Adopted by the Committee of Ministers on 19 February 2014.

приватниот и семејниот живот на лицето под електронски мониторинг и на трети засегнати лица.

Се препорачува негово користење и во рамките на условно ослободување од затвор, при што времетраењето на електронскиот мониторинг мора да биде пропорционален на остатокот од казната што треба да се издржи.

Имајќи ја предвид функцијата на пробацијата во спроведување на надзорот врз условно ослободените, Советот на Европа особено внимание обрнува на *Европските пробациски правила согласно Препораката бр. 1 од 2010 година.* [39] Имено, во рамките на мерките за надзор, во согласност со националното законодавство, службите за пробација може да преземат надзор пред, за време и по судењето, како што е надзор за време на условен отпуст до судење, гаранција, условно негонење, условна казна и предвремено ослободување. Притоа, во смисла на овие правила, предвременото ослободување ги опфаќа сите форми на отпуштање од затвор пред целосно отслужување на затворската казна, како што се привремено ослободување, условно ослободување или условно помилување.

[39] Recommendation CM/Rec(2010)1 of the Committee of Ministers to member states on the Council of Europe Probation Rules, Adopted by the Committee of Ministers on 20 January 2010

## 4. Анализа на домашната правна рамка

### 4.1. Краток осврт врз правната природа на условниот отпуст

Во теоријата условниот отпуст е институт којшто припаѓа и на казненото право за полнолетни и за деца и на пенитенцијарното право – правото на извршување на санкции и надлежностите на пробациската служба. На условниот отпуст треба да се гледа како на алтернативен начин за извршување на казната затвор тогаш кога ќе се оцени дека нема потреба осуденото лице да престојува во КПУ/ВПУ.[40] Условниот отпуст е еден од можностите за предвремено отпуштање на осуденото лице на казна затвор од КПУ/ВПУ,[41] којшто треба да овозможи скратување на непотребното задржување на осуденото лице во КПУ/ВПУ.[42]

Во теоријата е речиси неспорно дека кратките казни затвор до шест месеци не се вооопшто ефективни и како такви треба да бидат исклучок во судската практика,[43] а дека е потребно почесто одобрување на условниот отпуст како важен пенолошки институт којшто во нашето сегашно законодавство претставува погодност што зависи од доброто однесување и постигнатиот степен на превоспитување на осуденото лице, а не нивно право.[44] Условниот отпуст мора да е проследен со определени услови, што е впрочем иманентно врзано за неговиот назив како институт, којшто овозможува предвремено отпуштање но под определени услови.

Содржината на условот кај условниот отпуст, според некои автори, е предуслов кај условниот отпуст да претегне неговото значење како казнено-правен институт (само условите пропишани во КЗ), или дополнителни услови кои овозможуваат предвремено отпуштање со вршење надзор, при што условниот отпуст добива нагласени пенолошки карактеристики.[45]

Заслужуваат внимание предлозите условно отпуштениот определен дел од остатокот на казната затвор наместо на слобода да го доиздржува дома, што се сфаќа како варијанта на условниот отпуст, која би се применувала кога судот нема да му определи на осудениот заштитен надзор со условниот отпуст или пак кога ќе процени дека сепак постои ризик тој веднаш да се остави на целосна слобода.[46] Со право се апострофира линкот помеѓу рецидивизмот и условниот отпуст без било какви дополнителни услови за следење и проверка, и се укажува

---

[40] Г.Лажетиќ – Бужаровска, Алтернативи за затворот, Студентски збор, Скопје, 2003; Г.Лажетиќ – Бужаровска, Алтернативите за затворот преку научниот опус на проф. д-р Ѓорѓи Марјановиќ до современото кривично законодавство во Македонија, Зборник во чест на проф. д-р Ѓорѓи Марјановиќ, Правен факултет „Јустинијан Први„ во Скопје, декември 2011, стр. 57-75.

[41] Љ.Арнаудовски/А.Груевска-Дракулевски, Пенологија (втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2013, стр. 224.

[42] Ibid, стр. 233.

[43] Е.Мујоска – Трпевска, Кратки казни затвор, Скопје, 2017, стр. 298

[44] Ibid, стр. 162.

[45] В.Камбовски, Казнено право – Општ дел, Култура, 2004, стр. 879.

[46] М.Каневчев, Извршување на општокорисната работа и куќниот затвор според законот за пробација, МРКК, http://www.maclc.mk/Upload/Documents/Metodija%20Kanevchev%201.pdf.

на препораките на Советот на Европа дека за да се намали ризикот од рецидивизам кај условно отпуштените затвореници, треба да се изречат индивидуализирани услови како: плаќање компензација или репарација на жртвите; вклучување во третман за злоупотреба на дрога или алкохол; посетување училиште или курс за доквалификација; учество во програми, забрана за посета на одредени места.[47]

Во Кривичниот законик (КЗ),[48] се пропишуваат објективните услови (издржана казна затвор) и субјективните услови (однесување на затвореникот во установата од кое се изведува заклучок дали се постигнати целите на казнувањето). Во однос на деца во судир со закон на кои им е изречена казна затвор за деца, условите за условно отпуштање се пропишани со Законот за правда за децата (ЗПД).[49] Во Законот за извршување на санкциите (ЗИС),[50] се пропишува постапката за условен отпуст и за полнолетни и за деца, како и можностите за предвремено отпуштање на затвореници со одлука на директорот на установата и се упатува на Законот за пробација. Во Законот за пробација (ЗПроб.),[51] е пропишана надлежноста и постапувањето на пробациската служба за вршење на заштитен надзор изречен со условен отпуст.




[47] А. Груевска – Дракулевски, Помеѓу казната затвор и условната осуда: предности и негативни страни од (не)примената на алтернативните мерки и на казната затвор, МРКК, http://www.maclc.mk/Upload/Documents/Aleksandra%20GD.pdf
[48] Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23
[49] Закон за правда за децата, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/2024
[50] Закон за извршување на санкциите, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24
[51] Закон за пробација, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/2015

### 4.2. Административно одлучување

Додека се применувал Законот за извршување на санкции за кривични дела и стопанските престапи од 1979,[52] во нашата држава постоел систем на административно одлучување за условниот отпуст.

Надлежноста била во рацете на Комисија за условен отпуст чиј претседател бил Републичкиот сектретар за правосудство (Министерот за правда), а членови биле претседателот на Врховниот суд на Македонија, јавниот обвинител на Македонија, републичкиот секретар за внатрешни работи и член што го делегирала Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија.

За условен отпуст се одлучувало врз основа на молба од осуденото лице, членовите на неговото потесно семејство или по предлог од управителот на казнено-поправната установа. Молбите и предлозите се доставувале до Комисијата за условен отпуст со извештај и образложено мислење од казнено-поправната установа за поведението на осудениот, извршувањето на работните обврски, степенот на превоспитувањето и другите околности од кои може да се оцени дали е постигната целта на казнувањето. Ако молбата била одбиена, осудениот немал можност ниту за жалба, ниту за управен спор, од што произлегува дека одлуката на Комисијата е конечна и извршна.

Се забележува дека во 1979 година министерот за правда бил претседател на Комисијата за условен отпуст, што не било случај во претходниот закон. Имено, во Законот за извршување на кривичните санкции од 1973 година,[53] за условно отпуштање на осудените лица одлучувала комисија за условен отпуст што ја формирал републичкиот секретар за правосудство со мандат од две години. Комисијата за условен отпуст се состоела од претседател и четири члена и толку заменици: по еден член на комисијата се именувал од редот на судиите на Врховниот суд на Македонија и замениците на републичкиот јавен обвинител, секретаријатот и од редот на работниците на Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, како и еден член од редот на педагозите, социолозите, психолозите и други јавни и општествени работници.

Постоела можност управителот на казнено-поправната установа да го пушти на условен отпуст до еден месец пред истекот на казната осуденото лице, кое има добро поведение, се залага во работата и активно учествува во другите корисни дејности на казнено-поправната установа. Со ова решение се напуштил објективниот критериум што постоел согласно законот од 1973 година, а имено дека управителот ова свое право можел да го користи само ако осудениот веќе издржал три четвртини од казната.

---

[52] Закон за извршување на санкции за кривични дела и стопанските престапи, Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, бр. 19/1979

[53] Закон за извршување на кривичните санкции, Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, 47/1973.

Пред напуштањето на казнено-поправната установа, условно отпуштениот бил должен да го назначи местото во кое ќе престојува за време на условниот отпуст и бил должен да се пријави на надлежниот орган за внатрешни работи штом ја напушти установата.

Во однос на постпеналната помош, согласно законот од 1979 година била задржана обврската на општините да формираат одбори за помош на отпуштени осудени лица, со цел општината, во границите на можностите, да им даде помош која им е потребна за што полесно вклучување во редовниот живот на слобода.

### 4.3. Условен отпуст во судска надлежност

Судска надлежност за определување условен отпуст за првпат е пропишана со Законот за извршување на санкциите од 1997 година.[54] За условно отпуштање на осудено лице одлучува судот што ја донел пресудата во прв степен во совет составен од тројца судии, кој одлулува надвор од главен претрес (кривичен совет на судот).

Постапката за условен отпуст се започнува по молба за отпуштање, под услови определени со КЗ, која може да ја поднесе осуденото лице или член на негово потесно семејство или по предлог за отпуштање на осудено лице кој може да го поднесе директорот на установата.

Пред да одлучи, судот ќе побара податоци од установата, а може да ги сослуша службените лица од установата за околностите што се однесуваат на следниве аспекти: личноста на осуденото лице, неговото поведение за време на издржување на казната, извршувањето на работните обврски, и други околности.

Предлогот на директорот на установата го застапува и го образлага претставник на установата во која осуденото лице ја издржува казната.

Судот донесува решение и го доставува до осуденото лице, односно поднесувачот од неговото семејство односно до установата во која осуденото лице ја издржува казната.

Против решението со кое е одбиена молбата односно предлогот, осуденото лице има право на жалба во рок од 8 дена до повисокиот суд.

Молбата односно предлогот за условен отпуст може повторно да се поднесе по правосилноста на решението со кое е одбиена молбата односно предлогот и тоа во следниве рокови:

- По истек на шест месеци за казна затвор над една година
- По истек на три месеци за казна затвор под една година

[54] Закон за извршување на санкциите, Службен Весник на Република Македонија, бр. 3/1997.

Постои можноста за отпуштање на осуденото лице и од страна на директорот на установата пред истек на казната најмногу 30 дена, во случај кога лицето издржало ¾ од казната затвор.

Постпенална помош се презема со известување на надлежниот ЦСР според местото на живеење или престојување на осуденото лице три месеци пред отпуштање на осуденото лице.

## 4.4. Релевантна законска рамка *de lege lata*

Република Северна Македонија го има прифатено дискрециониот модел на условен отпуст и тој преставува можност, а не право на лицето што се наоѓа на издржување казна затвор.

Дискрециониот систем на условен отпуст е разработен во материјалните закони во однос на полнолетни сторители и деца во судир со законот, а постапката е содржана во Законот за извршување на санкциите и во Законот за пробација.

### *4.4.1. Кривичен Законик*

#### *4.4.1.1. Определување*

Во Кривичниот законик (КЗ),[55] пропишани се материјално-правните и формално-правните критериуми што треба да бидат исполнети за едно лице да биде пуштено на условен отпуст.[56]

**Формално-правни услови.** Во однос на објективните услови КЗ пропишува по истек на кој временски период (време поминато на издржување казна затвор) затвореникот може да биде условно отпуштен.

Притоа, правило е осудениот што издржал ½ од изречената казна затвор да може да биде условно отпуштен.

По исклучок, условно може да се отпушти и осуден кој издржал само 1/3 од казната затвор ако посебни околности, што се однесуваат на личноста на осудениот, очигледно покажуваат дека е постигната целта на казнувањето.

Осудениот на казна доживотен затвор условно не може да се отпушти пред да издржи најмалку 25 години казна затвор.

---

[55] Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23

[56] В.Камбовски, Казнено право – општ дел, Култура, Скопје, 2004; В.Камбвоски, Коментар на Кривичниот Законик на Република Македонија, Матица, Скопје, 2015

**Материјално-правни услови.** Основен предуслов за добивање условен отпуст е да постои процена дека до истекот на времето за кое била изречена казната затвор, условно отпуштениот:

- нема да стори ново кривично дело (објективен услов);
- се поправил така што основано може да се очекува дека на слобода добро ќе се однесува (субјективен услов).

Во рамките на материјално-правните услови односно при оцената дали осудениот условно ќе се отпушти се земаат предвид и следниве околности:

- неговото поведение за време на издржувањето на казната,
- извршувањето на работните обврски со оглед на неговата работна способност и
- други околности што покажуваат дека е постигната целта на казнувањето.

#### *4.4.1.2. Отповикување*

Кривичниот законик пропишува во кои случаи може да се отповика условниот отпуст во зависност од тежината на стореното кривично дело додека е на условен отпуст, односно почитувањето на обврските што го чинат заштитниот надзор. Одредбите за отповикување се применуваат и кога на условно отпуштениот му се суди за дело што го сторил пред да биде условно отпуштен. Отповикувањето може да биде задолжително или факултативно.




**Задолжително оптовикување.** Судот задолжително го отповикува условниот отпуст ако осудениот додека е на условен отпуст стори едно или повеќе кривични дела за кои е изречена казна затвор над две години. Притоа, нема место за оцена од страна на судот, туку отповикувањето следува по сила на закон (*ex lege).*

**Факултативно отповикување**. Судот може да го отповика условниот отпуст ако условно отпуштениот стори едно или повеќе кривични дела за кои е изречена казна затвор до две години или ако по две писмени опомени од страна на надлежниот орган не ги исполнува обврските од заштитниот надзор

При оцената дали ќе го отповика условниот отпуст, судот се раководи од следниве околности:

- сродноста на сторените кривични дела со она/оние што било/е сторено/и
- општествената опасност на сторените кривични дела
- побудите од кои се сторени кривичните дела и
- други околности што укажуваат на оправданоста за отповикување на условниот отпуст.

Ако по оцена на сите околности судот *одлучи да го отповика условниот отпуст,* со примена на одредбите на КЗ за одмерување на казна за дела во стек и одмерување на казна на осудено лице за кривично дело сторено пред да започнало издржувањето на казната или во текот на издржувањето на казната затвор, ќе ја земе порано изречената казна како веќе утврдена при што делот од казната што осудениот ја издржал според поранешната осуда се засметува во новата казна, а времето поминато на условен отпуст не се засметува.

Ако по оцена на сите околности судот *одлучи да не го отповика условниот отпуст*, условниот отпуст се продолжува за времето што осудениот го поминал на издржување на казната затвор.

### *4.4.2. Закон за правда за децата*

Во однос на децата во судир со законот, согласно Законот за правда за децата (ЗПД),[57] казната затвор за деца може да се изрече на дете над 16 годишна возраст, кое е кривично одговорно и кое сторило дејство кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот и притоа не би било оправдано да се изрече воспитна мерка.

#### *4.4.2.1. Определување*

Во ЗПД пропишани се објективните услови што треба да бидат исполнети за дете во судир со законот да биде пуштено на условен отпуст.[58]

Во однос на објективните услови ЗПД пропишува по истек на кој временски период (време поминато на издржување казна затвор за деца) детето во судир со законот може да биде условно отпуштено.

Притоа, правило е детето кое е на издржување на казната затвор за деца може да се пушти на условен отпуст ако издржало најмалку 1/3, но не пред да издржи една година од изречената казна, доколку превоспитувањето е успешно.

---

[57] Закон за правда за децата, „Службен Весник на Република Северна Македонија“, бр.66/2024 година.

[58] Коментар на Законот за правда за децата, група автори, УНИЦЕФ и СППМД, 2018.

По исклучок, ако на детето му е изречена казна затвор за деца до две години и шест месеци може да се пушти на условен отпуст ако издржало 1/3 од изречената казна.

На дете пуштено на условен отпуст судот задолжително му определува засилен надзор.

#### *4.4.2.2. Отповикување*

Судот задолжително го отповикува условниот отпуст ако детето не ги исполнува обврските предвидени со засилениот надзор или ако додека е на условен отпуст стори едно или повеќе дејства предвидени со закон како кривични дела за кои е изречена казна затвор за деца над две години.

Основи за факултативно отповикување на условниот отпуусt постојат ако детето сторило дејство со закон предвидено како кривично дело за кое му е изречена казна до две години затвор за деца или парична казна. Притоа, судот може да го отповика условниот отпуст, земајќи ја предвид сродноста на сторените дела, нивното значење, побудите од кои се сторени и другите околности што укажуваат на оправданоста за отповикување на условниот отпуст.

Штом го отповика условниот отпуст, судот изрекува една казна согласно, земајќи ја порано изречената казна како веќе утврдена.

Ако судот не го отповика условниот отпуст, тој се продолжува за времето кое детето го поминало на издржување на казната затвор за деца изречена за новото дело.

### *4.4.3. Закон за извршување на санкциите*

Според Законот за извршување на санкциите (ЗИС),[59] осудените лица се отпуштаат од издржувањето на казната, покрај другите основи,[60] и врз основа на одлука за условен отпуст, како и по одлука на директорот на установата за предвремено отпуштање од издржување на казната.[61]

**Условен отпуст**

Осуденото лице се отпушта од издржувањето на казната на денот кога со решението за условен отпуст е определено отпуштањето.

---

[59] Закон за извршување на санкциите, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24

[60] Како што се: по издржаната казна или по простување на остаток на казната со акт на надлежен орган, чл. 243, ЗИС

[6161] Подетално за основите за предвремено отпуштање од установата, види: Љ.Арнаудовски/А.Груевска-Дракулевски, Пенологија – втор дел, оп.цит., стр.224-232.

Постапката за условен отпуст се спроведува согласно со Законот за пробација.

**Иницирање на постапка за отпуштање**. Постапката за отпуштање може да ја иницира самото осудено лице или директорот на установата каде што ја издржува казната затвор.

Барање за отпуштање по основ на условен отпуст, под услови определени со КЗ, може да поднесе осуденото лице или неговиот брачен/вонбрачен другар, адвокат, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител.

Предлог за отпуштање на осуденото лице по основ на условен отпуст поднесува и директорот на установата, врз основа на постапка предвидена согласно со Законот за пробација.

**Надлежен орган.** За условно отпуштање на осуденото лице одлучува судот што ја донел пресудата во прв степен во совет составен од тројца судии, кој одлучува надвор од главна расправа. Во решението за условен отпуст се наведува денот на отпуштањето на осуденото лице при што е неопходно да се води сметка за рокот на жалбената постапка.

**Оцена на околностите и извиди од страна на судот..** Пред одлучувањето за условниот отпуст првостепениот суд ги има во предвид писмениот извештај и мислењето на матичниот воспитувач во казнено поправната установа врз основа на кои е даден предлогот за условен отпуст.

Во случај кога до судот е поднесено барање за условен отпуст надлежниот суд може да побара од казнено поправната установа каде што осуденото лице ја издржува казната затвор да достави извештај за однесувањето на осуденото лице во текот на издржувањето на казната затвор и основаноста на поднесеното барање за условен отпуст.

Надлежниот суд бара дополнителни податоци од КП каде што осуденото лице ја издржува казната затвор, а може да се сослуша и осуденото лице и да се побара мислење од матичниот воспитувач на осуденото лице како и судијата за извршување на санкциите за околности што се однесуваат на следниве околности:

- личноста на осуденото лице,
- неговото поведение за време на издржувањето на казната,
- извршувањето на работните обврски и за други околности од кои може да се заклучи дали е постигната целта на казнувањето и
- особено дали осуденото лице во иднина нема да врши кривични дела.

Кога постапката за условен отпуст ја иницирал директорот на установата со предлог, по одлука на судот предлогот го застапува и го образложува матичниот воспитувач во установата каде што осуденото лице ја издржува казната затвор.

**Одржување рочиште.** За предлогот за условен отпуст судот одржува рочиште на кое се повикуваат директорот на установата или лице овластено од него како и осуденото лице кое може да има бранител.

По исклучок рочиштето може да се одржи и со помош на електронско-технички средства, кои обезбедуваат двонасочна комуникација во реално време.

**Повторно поднесување барање односно предлог.** Барањето односно предлогот за условен отпуст може повторно да се поднесе по истекот на:

- шест месеци за казна затвор над една година,
- три месеци за казна затвор под една година

сметани од правосилноста на решението со кое е одбиено претходното барање на осуденото лице, односно предлогот на директорот.

**Доставување на решение.** Решението со кое судот одлучува за условен отпуст се доставува до осуденото лице, членот на семејството што поднел барање за условен отпуст, установата во која осуденото лице издржува казна, надлежната локална пробациска канцеларија и до полициската станица за определено подрачје според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице, ако одлуката е позитивна.

**Право на жалба**. Против решението по барањето за условен отпуст осуденото лице има право на жалба во рок од осум дена до повисокиот суд.

**Отповикување на условен отпуст.** Судот ќе го отповика условниот отпуст по добиено известување од КПУ доколку осуденото лице во периодот до неговото условно отпуштање стори една или повеќе потешки дисциплински повреди во казнено поправната установа.

**Предвремено отпуштање**

Директорот на установата може да го отпушти осуденото лице пред истекот на казната и тоа:

- најмногу 30 дена за казна затвор до три години,
- најмногу 60 дена за казна затвор над три години,

но само доколку осуденото лице и во двата случаи издржало 9/10 од казната.

Предвремено отпуштање на осуденото лице пред истек на казната може да се изврши ако се исполнети следниве критериуми:

- осуденото лице во текот на извршување на казната да соработува и да го прифати процесот на ресоцијализација во согласност со одредбите на куќниот ред,
- да има позитивно однесување во осуденичката средина,

- дисциплинирано и квалитетно да ги извршува поставените работни задачи во текот на работното ангажирање и

- да има позитивен однос кон сите вработени во установата, а особено кон непосредниот воспитувач и инструктор.

#### *4.4.4. Закон за пробација*

Со донесувањe на Законот за пробацијата (ЗПроб.),[62] се овозможи имплементација на одредбите од ЗИС кои во однос на извршувањето на условниот отпуст во однос на полнолетните осуденици упатуваат на посебен закон. Имено, согласно ЗПроб., во надлежностите на пробациските службеници спаѓа вршењето на заштитниот надзор изречен со условен отпуст.

Пробацискиот службеник во КПУ (којшто е всушност матичниот воспитувач) изработува процена на ризиците и условите за прифаќање на осуденото лице во заедницата, ја утврдува можноста за продолжување на спроведувањето на обврските утврдени со Индивидуалната програма за работа при извршувањето на казната затвор (продолжување на образованието, продолжување на лекување или одвикнување од зависности, продолжување со други посебни програми), прибира и доставува податоци за можноста за сместување и вработување на осуденото лице и прибира и други податоци и соработува со Центрите за социјални работи.

Во рок од 15 дена откако осуденото лице ги исполнило условите за условен отпуст, пробацискиот службеник/матичниот воспитувач изготвува и до директорот доставува писмен извештај за однесувањето на осуденото лице во текот на издржувањето на казната. Ваков извештај се подготвува и по барање на надлежен суд во случај кога до судот е поднесена молба за условен отпуст од страна на осуденото лице.

Природата на писмениот извештај се разликува во зависност од оцената дали осуденото лице треба да биде условно отпуштено или не.

Во случај на позитивен извештај, директорот во рок од 15 дена од приемот на извештајот, да поднесе предлог за условен отпуст на осудено лице до судот кој ја донел одлуката во прв степен.

### 4.5. Надзор и контрола врз условниот отпуст

#### *4.5.1. Електронски мониторинг*

Постои можност за електронски мониторинг како облик на надзор врз условно отпуштените лица, за што е потребно судот со својата одлука за условен отпуст тоа да го определи.

[62] Закон за пробација, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/2015 година.

Имено, во ЗИС и во ЗПроб. постојат изречни одредби, коишто се во согласност со препораките на Советот на Европа во однос на вршење надзор врз условно отпуштените и особено со Препораката за електронски мониторинг како еден од начините за вршење надзор каде што технологијата овозможува лицето да носи уред со себе, а неговото движење да биде следено од далечина.

Електронскиот мониторинг може да биде и една од обврските кон која треба да се придржува осуденото лице како дел од заштитниот надзор кон условниот отпуст.

Ставање во функција на алките за електронски мониторинг е еден од чекорите коишто ќе овозможат создавање реални услови за исполнување на овие законски можности со што е многу веројатно дека ќе се зачести определувањето на условниот отпуст.

### *4.5.2. Заштитен надзор кон полнолетни*

КЗ овозможува на условно отпуштениот судот да му одреди заштитен надзор.[63] Заштитниот надзор се состои во посебни мерки на помош, грижа, надзор или заштита кои ги спроведува надлежната пробациска канцеларија.

Единствен исклучок постои при осуди за дела на насилство, судот да одреди и забрана за посетување на спортски натпревари што ја спроведува Министерството за внатрешни работи.

Кога судот ќе определи заштитен надзор, на осудениот може да му одреди една или повеќе од следниве обврски:

- оспособување, остручување и преквалификување за да може осудениот да го задржи работното место што го зазема или да бидат создадени претпоставки за вработување,
- прифаќање на вработување што одговара на способностите и склоноста на осудениот,
- посетување на програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство;
- извршување на обврските за издржување на семејството, подигање на децата и други семејни обврски,
- овозможување увид и совети во врска со распоредувањето и трошењето на средствата од платата и другите приходи што ги остварува,
- непосетување определени видови локали или други места каде што се точи алкохолен пијалак или се игра на среќа,
- забрана на употреба на алкохолни пијалаци, droги и други психотропни супстанции,
- користење на слободното време според оцена на надлежниот орган согласно закон,
- одбегнување и недружење со лица кои негативно влијаат врз осудениот и

[63] В.Камбовски, Коментар на КЗ, оп.цит., стр. 426; Љ.Арнаудовски/А.Груевска-Дракулевски, Пенологија- втор дел, оп.цит., стр. 234-235.

- подложување на лекување или социјална рехабилитација во соодветни специјализирани установи.

При изборот на видот на обврската судот поаѓа од субјективните околности поврзани со:

- личноста на сторителот,
- неговата здравствена состојба и психичките својства,
- возраста,
- материјалните и семејните услови,
- околностите под кои го сторил делото,
- поведението на сторителот по извршувањето на делото,
- побудите за извршување на делото и
- другите околности сврзани со личноста на сторителот.

Решението за условен отпуст во рок од три дена од денот на донесувањето, надлежниот суд го доставува до месно надлежната пробациска канцеларија.

За ова решение месно надлежната пробациска канцеларија во рок од осум дена од приемот на Решението, ги известува ЦСР, Агенцијата за вработување, работодавецот кај кои осуденото лице работи, односно било вработено и соодветна здравствена установа, Министерството за внатрешни работи и други правни субјекти во зависност од обврските утврдени во решението за условен отпуст.

Во извршувањето на обврските утврдени со решението за условен отпуст, месно надлежната пробациска канцеларија ги врши следниве работи: го повикува осуденото лице на разговор; врши увид во документацијата за осудено лице (судска одлука, наоди и мислења од лекар и други стручни лица, извештаи од Центарот за социјална работа и други) и прибира други потребни податоци за осуденото лице од други органи, институции и организации, на барање на судот; го предупредува условно отпуштеното лице за последиците од неисполнување на утврдените обврски; врши надзор над извршувањето на обврските и му пружа помош на осуденото лице; составува извештаи за извршувањето на обврските и ги доставува до судот кој ја донел одлуката во прв степен и врши други работи во согласност со закон.

Установите и други правни лица во кои осуденото лице извршува обврски утврдени со решението за условен отпуст, на барање на месно надлежната пробациска канцеларија до канцеларијата доставуваат известување за извршувањето на обврските од страна на осуденото лице.

Месно надлежната пробациска канцеларија може на судот кој ја донел одлуката за условен отпуст да му предложат измени на обврските утврдени со решението за условен отпуст, укинување на обврските, продолжување или намалување на рокот за извршување на изречените обврски или да предложат нови обврски кои со решението за условен отпуст не биле утврдени.

Ако осудениот не ги исполнува или неуредно ги исполнува обврските кои му се определени, месно надлежната пробациска канцеларија го опоменува и затоа веднаш ќе го извести надлежниот суд. Ако условно осуденото лице и по писмената опомена не ги исполнува изречените обврски и не учествува во спроведувањето на индивидуалната програма која му е определена, месно надлежната пробациска канцеларија за тоа најдоцна во рок од три дена од дознавањето за неисполнувањето на обврските и не учествувањето во спроведувањето на индивидуалната програма за третман го известува судот кој ја донел одлуката во прв степен со предлог да го отповика условниот отпуст.

Во случај кога условно отпуштеното лице нема да се јави во определените термини, месно надлежната пробациска канцеларија без одлагање ќе го извести Министерството за внатрешни работи заради обезбедување на присуство на условно отпуштеното лице, а по добиеното известување од МВР, месно надлежната пробациска канцеларија, која без одлагање ги известува судот кој ја донел одлуката во прв степен и Управата.

### *4.5.3. Засилен надзор кон деца*

Согласно ЗПД на детето во судир со законот за време на условниот отпуст судот му определува мерка на засилен надзор.[64]

Мерките ги спроведува надлежниот Центар за социјални работи, со оглед на фактот што во однос на децата, пробациските канцеларии немаат надлежност да постапуваат.

Засилениот надзор може да се состои од една или повеќе посебни обврски од следниве: му се извини лично на оштетеното лице; ја поправи или надомести штетата [65]предизвикана со стореното дејство; се вклучи во образовниот процес и редовно да го посетува училиштето; не изостанува од работното место за деца над 15 години; се оспособи за работа што одговара на неговите способности, наклонетости и физичка сила за деца над 15 години, под услов да има завршено основно образование; прифати работа за деца над 15 години; му забрани употреба или користење алкохол, дрога и други психотропни супстанции или прекурзори; се подложи на лекување или социјална рехабилитација во соодветни специјализирани установи; го користи слободното време полезно; не контактира со лица кои штетно влијаат врз неговата личност; се остручи и преквалификува заради задржување на работното место што го завзема или за создавање претпоставки за вработување за деца над 15 години, под услов да има завршено основно образование; овозможи увид и да прифати совети во врска со распоредувањето и трошењето на платата и другите приходи што ги остварува; се вклучи во работа на хуманитарна организација,

[64] Г.Лажетиќ/Л.Нанев/О.Кошевалиска, Постапување со деца во ризик и деца во судир со законот, Универзитетски учебник, Скопје, 2015

[65] Обврски што имаат ресторативен карактер, Recommendation CM/Rec (2018) 8 of the Committee of Ministers to member States concerning restorative justice in criminal matters, Adopted by the Committee of Ministers on 3 October 2018

комунална, еколошка или невладина организација; се вклучи во одредена спортска, културно-забавна организација или здружение, со обврска да ги посетува редовните проби или тренинзи и му се забрани движење без придружба на родителите/от односно старателот/те или згрижувач во периодот од 22:00 часот до 5:00 часот.

ЦСР врши постојан надзор и му помага на детето во исполнувањето на посебните обврски, соработува со родителите/от односно старателот и згрижувачот и го известува судот најмалку еднаш на шест месеци за постигнатиот успех во спроведувањето на посебните обврски. Во оваа смисла, по предлог од ЦСР, судот може да ги измени или да ги укине посебните обврски.

Засилениот надзор што се спроведува од страна на ЦСР е со одредено траење, кое може да биде и пократко од делот на неиздржаната казна.

Судот може да го продолжува траењето на засилениот надзор до една година по времетраењето на казната, но најмногу до наполнувањето на 21 година на детето.

## 5. Емпириска анализа на условниот отпуст

### 5.1. Методолошки пристап

Емпириската анализа на условниот отпуст се спроведе во функција на изготвување на измените на ЗИС во текот на 2022 година, а со цел согледување на слабостите во постојниот систем и нивно надминување во предложените нови решенија на ЗИС.

Се пристапи кон изработка на Инструмент за прибирање на податоци којшто содржи вкупно 10 прашања. Инструментот беше доставен до сите судови во државата што постапуваат по кривични предмети.

Со цел добивање релевантни податоци од судовите се бараше да достават податоци во однос на претходниот петогодишен период – 2017-2021 година во однос на повеќе прашања поврзани со условниот отпуст.

### 5.2. Инструмент за прибирање податоци од судовите

**Примената на институтот Условен отпуст**

1. **Број на поднесени барања за Условен отпуст по години**

| 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

2. **Број на одбиени барања за Условен отпуст по години**

| 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

3. **Број на прифатени барања за Условен отпуст по години**

| 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

4. Број на поднесени барања за Условен отпуст од страна на осуденото лице

| 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

5. Број на поднесени предлози за Условен отпуст од страна на установата

| 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

6.Причини за одбивање на барањето за Условен отпуст

| Основ | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| А. Нагативен извештај од установата | | | | | |
| Б. Висината на изречената кривична санкција/ преурането со оглед на висината на изречената кривична санкција | | | | | |
| В. Не е завршен процесот на ресоцијализација во установата | | | | | |
| Г. Недозволено | | | | | |

7.Висина на издржаната казна во моментот на поднесување на барањето за Условен отпуст

| Должина на казната | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1/3 од казната | | | | | |
| 1/2 од казната | | | | | |
| 2/3 од казната | | | | | |

**8.Временски период на одобрениот Условен отпуст по години**

| Времетраење | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 месец | | | | | |
| 2 месеци | | | | | |
| 3 месеци | | | | | |
| 4 месеци | | | | | |
| 5 месеци | | | | | |
| 6 месеци | | | | | |
| 6- 8 месеци | | | | | |
| 8 – 10 месеци | | | | | |
| 10- 12 месеци | | | | | |
| 1 година | | | | | |
| 1-2 години | | | | | |
| над 2 години | | | | | |

**9.Висина на казната затвор на осуденото лице за кое е одобрен Условен отпуст по години**

| Висина на казната | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| А. До 6 месеци | | | | | |
| Б. До 1 година | | | | | |
| В. До 1 година и 6 месеци | | | | | |
| Г. До 2 години | | | | | |
| Д. До 3 години | | | | | |
| Ѓ. Од 4 години | | | | | |
| Е. Од 5 години | | | | | |
| Ж. Од 5-7 години | | | | | |
| З. Од 7-10 години | | | | | |
| И. Над 10 години | | | | | |

| 10.Број на отповикани  барања за Условен отпуст | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
| | | | | |

## 5.3. Анализа на добиените податоци

Сите судови до кои беше поднесен Инструментот за прибирање податоци доставија одговори и од добиените податоци може да се направи релевантна анализа поврзана со суштинските аспекти во примената на институтот „условен отпуст“.

### *5.3.1. Број на поднесени барања за условен отпуст по години*

Првото прашање се однесуваше на бројот на поднесени барања за условен отпуст според секоја година од анализираниот период.

Од добиените податоци се констатира дека во периодот 2017-2021 година во судовите биле поднесени вкупно 3077 барања за условен отпуст.

Графикон ?? – Број на поднесени барања за условен отпуст (N)




Најголем број барања биле поднесени во 2019 година, а последните две години од анализираниот период бројот на поднесени барања е речиси идентичен.

Графикон ?? – Број на поднесени барања според судови (N)




Анализата на добиените податоци според судовите каде што биле поднесени барањата покажува дека најголем број барања во периодот 2017-2021 година биле доставени до ОКС Скопје, што е сосема разбирливо со оглед на бројот на предмети по коишто овој суд постапува.

Според презентираните податоци за ОКС Скопје се забележува значително намалување на бројот на поднесени барања во 2022 и 2023 година, кога биле поднесени по околу 160 барања, за разлика од 2019 кога биле поднесени близу 290 барања, 2020 кога биле поднесени 242 барања и 2021 година кога биле поднесени 233 барања.

Графикон ??- Поднесени барања во ОКС Скопје[66]

| Година | Поднесени барања | Донесени одлуки | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Уважени | Отфрлени | Одбиени | Огласен за ненадлежен | Број на одлуки за кои нема информација во АКМИС |
| 2022 | 160 | 164 | 38 | 2 | 54 | / | 70 |
| 2023 | 158 | 161 | 14 | 1 | 15 | 1 | 130 |

[66] Податоци за ОКС Скопје презентирани од судија Даниела Димовска, Стручна работилница: Предизвици во надминување на затворската пренатрупаност - Условен отпуст, електронски надзор и третманот во функција на успешна ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица, МЗМП и Македонско пенолошко друштво, Проект на ЕУ: Градење на услуги засновани на заедницата за поддршка на ресоцијализацијата и реинтеграцијата на поранешно осудените лица, Скопје, 04.10.2024.

Од податоците за периодот 2017-2021 година претставни на Графикон ?? произлегува дека судовите може да се поделат во неколку категории:

- судови во коишто имало повеќе од 200 пристигнати барања: Куманово, Тетово и Струмица,
- судови во кои пристигнале повеќе од 100 барања се: Битола, Велес, Кочани, Прилеп и Штип
- други судови во кои пристигнале помалку од 100 барања, и
- судови во кои во текот на анализираниот период не пристигнало ниту едно барање: Крушево, Радовиш и Гостивар.

Графикон ??- Поднесени барања во проценти по судови (%)




Со цел да се добие претстава за процентуалното учество на бројот на барања според суд во текот на анализираниот период, на графиконот погоре претставени се редоследно судовите според процентот од најголем кон најмал.

Кога податоците во однос на бројот на поднесени барања ќе се вкрстат со податоците добиени на одговорите на прашањата бр. 4 и 5 – во однос на подносителот на барањето односно на предлогот, се забележува голема дискрепанца, при што доминираат барања поднесени од осудени лица за сметка на многу малиот број предлози за условен отпуст што пристигнале од КПУ.

Графикон ??- Процентуално учество на барања vs предлози




Зачително малиот број на предлози за условен отпуст што до судовите биле упатени од КПУ наведува на потребата за претставување на вкупниот број предлози што пристигнале во судовите од КПУ во периодот 2017-2021 година.

Графикон бр. ?? – Поднесен број на предлози од КПУ (N)




Од податоците се забележува дека освен предлозите од КПУ во Скопје, Струмица и Штип, во другите судови бројот на предлозите е речиси занемарлив.

### *5.3.2. Соодност на прифатени и одбиени барања за условен отпуст по години*

Надолниот тренд на поднесени барања за условен отпуст треба да се гледа во контекст на очекувањата што ги има подносителот во однос на одлуката на судот по барањето.

За таа цел предмет на анализа е соодносот на прифатените наспроти одбиените барања за условен отпуст според збирните податоци за периодот 2017-2021 година (прашање бр. 2 и 3).

Графикон ??- Прифатени vs. Одбиени барања (%)




Од податоците претставени на погорниот графикон се забележува дека во зависност од донесените одлуки судовите би можело да се поделат во три категории:

- судови со поголем број прифатени барања: Берово, Битола, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Охрид, Прилеп и Штип;
- судови со поголем број одбиени барања: Виница, Велес, Дебар, Делчево, Кичево, Кочани, Куманово, Неготино, Св.Николе, ОКС Скопје, Струмица и Тетово;
- судови со приближно ист процент на прифатени и одбиени барања: Ресен и Струга.

Притоа, се забележува значително доминирањето на одлуки за одбиени барања во Кочани, Куманово, Св. Николе и Струмица.

Корисно за анализа е какви се трендовите на одлуките што ги донеле судовите во однос на условниот отпуст во периодот 2017-2021 година.

Графикон ??- Тренд на Одбиени vs. Прифатени барања (N)




Претставените податоци упатуваат на заклучок дека трендовите се паралелни и во последните две години се забележува благо зголемување и на прифатените и на одбиените барања, со тоа што одбиените барања се во значително поголем број.

### *5.3.3. Причини за одбивање на барањето за условен отпуст*

На констатацијата дека бројот на одбиени барања е голем и со тенденција на зголемување во последните две години од анализираниот период, се наметнува потребата од анализа на причините кои довеле до оцена дека барањето односно предлогот треба да биде одбиен.

Прашањето бр. 6 се однесува на прибирање податоци во однос на тоа од кои причини се одбива барањето, со тоа што прашањето содржи четири можни одговори имајќи ги предвид основите што судот ги зема предвид кога оценува дали барањето е дозволено или не.

На следниот графикон се претставени збирните податоци во однос на основите за одбивање на барањето за условен отпуст.

Графикон ?? – Збирни податоци за причините за одбивање на барањата по години (N)




На следниот графикон се содржани добиените податоци во однос на причините за одбивање на барањата во судовите во периодот 2017-2021 година според години.

Графикон ?? – Податоци за причините за одбивање на барањата по години (N&%)

| Причини за одбивање на барањето за Условен отпуст | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Вкупно: | % од сите основи |
| А. Нагативен извештај од установата | 20 | 21 | 44 | 32 | 21 | 138 | 13.90 |
| Б. Висината на изречената кривична санкција/ преурането со оглед на висината на изречената кривична санкција | 46 | 30 | 54 | 30 | 38 | 198 | 19.94 |
| В. Не е завршен процесот на ресоцијализација во установата | 103 | 81 | 182 | 129 | 115 | 610 | 61.43 |
| Г. Недозволено барање | 17 | 9 | 12 | 7 | 2 | 47 | 4.73 |
| Вкупно: | 186 | 141 | 292 | 198 | 176 | 993 | 100.00 |

Од претставените податоци по години во текот на анализираниот период јасно е дека најголемиот дел од барањата, вкупно 610 што претставува 61.43% од сите одбиени баарања, се одбиени по основ на констатацијата дека не бил завршен процесот на ресоцијализација во установата.

Во текот на анализираниот период значително е намален бројот на недозволени барања, а воедно мал е бројот на негативни извештаи од установата.

### *5.3.4. Висина на издржаната казна во моментот на поднесување на барањето за условен отпуст*

Прашањето бр. 7 се однесува на висината на издржаната казна од страна на осуденото лице во моментот на поднесување на барањето за условен отпуст.

На следните два графикона претставени се збирните податоци во однос на висината на издржаната казна во моментот на поднесување на барањето за условен отпуст, при што се забележува дека исклучокот што го предвидува КЗ во однос на условен отпуст по издржана само 1/3 од казната е навистина исклучок и во практиката.

Во најголем дел од случаите, висината на издржаната казна изнесувала ½ од казната, односно 2/3 од казната. На Графиконот ?? каде што податоците се претставени според години, евидентно е дека процентуалното учество на висината на издржаната казна од ½ односно 2/3 е приближно исто, а со текот на годините бројот на случаите каде што висината на издржаната казна изнесувала 2/3 е речиси неизменета во текот на анализираниот период, додека во однос на случаите каде што висината на издржаната казна изнесувала ½ од казната се забележува зголемување на случаите во текот на анализираниот период.

Графикон ?? – Збирни податоци за висината на издржаната казна




Графикон ?? – Висина на издржаната казна по години (N&%)

| Висина на издржаната казна во моментот на поднесување на на барањето за Условен отпуст | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Вкупно: | % од сите основи |
| 1/3 од казната | 12 | 31 | 28 | 17 | 32 | 120 | 8.03 |
| 1/2 од казната | 105 | 115 | 192 | 155 | 156 | 723 | 48.39 |
| 2/3 од казната | 145 | 84 | 130 | 151 | 141 | 651 | 43.57 |
| Вкупно: | 262 | 230 | 350 | 323 | 329 | 1494 | 100.00 |

### *5.3.5. Временски период на одобрениот Условен отпуст по години*

Во рамките на анализата внимание заслужува и аспектот поврзан со временски период на одобрениот условен отпуст што всушност претставува времетраењето на условниот отпуст и е содржан во прашањето бр. 8.

На следниот графикон претставени се податоци во однос на времетраењето на условниот отпуст и тоа како номиналните износи на различните временски периоди во секоја година од анализираниот период, така и процентуалното учество на секој од временскиот период во вкупниот број на случаи.

Графикон ?? – Временски период на одобрениот условен отпуст по години (N&%)

| Временски период на одобрениот Условен отпуст по години | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Вкупно: | % од сите основи |
| 1 месец | 39 | 22 | 23 | 28 | 30 | 142 | 25.22 |
| 2 месеци | 29 | 19 | 25 | 35 | 39 | 147 | 26.11 |
| 3 месеци | 23 | 14 | 27 | 30 | 26 | 120 | 21.31 |
| 4 месеци | 6 | 10 | 8 | 13 | 10 | 47 | 8.35 |
| 5 месеци | 3 | 6 | 3 | 6 | 8 | 26 | 4.62 |
| 6 месеци | 8 | 4 | 3 | 6 | 3 | 24 | 4.26 |
| 6-8 месеци | 7 | 2 | 0 | 6 | 6 | 21 | 3.73 |
| 8-10 месеци | 4 | 1 | 4 | 1 | 2 | 12 | 2.13 |
| 10-12 месеци | 3 | 1 | 0 | 3 | 1 | 8 | 1.42 |
| 1 година | 2 | 1 | 2 | 4 | 1 | 10 | 1.78 |
| 1-2 години | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0.71 |
| над 2 години | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 0.36 |
| Вкупно: | 126 | 82 | 95 | 134 | 126 | 563 | 100.00 |

Времетраењето на условниот отпуст во текот на анализираниот период во најголем број случаи (повеќе од 72%) изнесувал помеѓу еден и три месеци, при што временскиот период на одобрен условен отпуст од два месеци се зголемува во текот на анализираниот период.

Во текот на анализираниот период зголемување се забележува кај времетраењето на условниот отпуст од пет месеци, а само во два случаи во 2020 условниот отпуст траел подолго од две години.

Графикон ?? – Збирни податоци за времетраењето на условниот отпуст



### *5.3.6. Висина на казната затвор на осуденото лице за кое е одобрен условен отпуст по години*

Со цел да се добие претстава за висината на казната затвор на која било осудено условно отпуштеното лице, се побараа податоци од судовите во рамките на прашањето бр. 9.

Од графиконот подолу се заклучува дека близу половина од сите условно отпуштени лица биле осудени на кратки казни затвор до една година, односно вкупно 48%. Близу 15% од условно отпуштените биле осудени на казна затвор до 3 години, а нешто повеќе од 11% од условно отпуштените биле осудени на казна затвор до 18 месеци.

Графикон ??- Висина на казната затвор на условно отпуштеното осудено лице

| Висина на казната затвор на осуденото лице за кое е одобрен Условен отпуст по години | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Вкупно: | % од сите основи |
| до 6 месеци | 37 | 11 | 22 | 38 | 61 | 169 | 23.67 |
| до 1 год. | 38 | 36 | 34 | 32 | 39 | 179 | 25.07 |
| до 18 мес. | 14 | 7 | 24 | 20 | 15 | 80 | 11.20 |
| до 2 год. | 11 | 9 | 11 | 23 | 15 | 69 | 9.66 |
| до 3 год. | 25 | 13 | 18 | 26 | 23 | 105 | 14.71 |
| од 4 год. | 5 | 5 | 7 | 6 | 8 | 31 | 4.34 |
| од 5 год. | 4 | 9 | 7 | 3 | 2 | 25 | 3.50 |
| од 5-7 год | 2 | 7 | 7 | 6 | 3 | 25 | 3.50 |
| од 7-10 год | 1 | 1 | 6 | 3 | 3 | 14 | 1.96 |
| над 10 год | 4 | 4 | 1 | 3 | 5 | 17 | 2.38 |
| Вкупно: | 141 | 102 | 137 | 160 | 174 | 714 | 100.00 |

Во текот на анализираниот период близу двојно е зголемен бројот на условно отпуштени лица осудени на казна затвор до 6 месеци. Кај другите временски периоди не се забележуваат поголеми осцилации

### *5.3.7. Број на отповикани барања за условен отпуст*

Прашањето бр.10 се однесуваше на бројот на отповикани барања за условен отпуст. Се оцени дека анализата на оваа околност е особено важна со цел ако процентот на отповикани барања е мал да се користи како мотив за почесто изрекување на условен отпуст без да постои ризик од неуспех.

Од добиените податоци се забележува дека бројот на отповикани случаи на условен отпуст се многу ретки и се јавиле како случај во неколку судови, претставени на следниот графикон.

Графикон ?? – Број на отповикани барања за условен отпуст (N&%)

| Број на случаи на отповикан условен отпуст | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Вкупно: | % од сите судови |
| Кичево | | 2 | 2 | 5 | | 9 | 13.64 |
| Кочани | | 1 | | | 1 | 2 | 3.03 |
| Кратово | 2 | | | | | 2 | 3.03 |
| Кр.Паланка | | | 1 | | | 1 | 1.52 |
| ОКС Скопје | 4 | 5 | 8 | 4 | 12 | 33 | 50.00 |
| Струга | 1 | 3 | 1 | 1 | 2 | 8 | 12.12 |
| Струмица | | | | 2 | | 2 | 3.03 |
| Штип | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 9 | 13.64 |
| Вкупно: | 9 | 12 | 14 | 14 | 17 | 66 | 100.00 |

Во текот на анализираниот период имало вкупно 66 случаи на отповикан условен отпуст и тоа во осум судови. Со оглед на бројот на условно отпуштени лица, не зачудува што половина од сите случаи на отповикување се случиле во ОКС Скопје, па потоа Штип, Кичево и Струга.

Графикон ?? – Тренд на отповикан условен отпуст (N)




Табела ?? – Соодност на одобрени vs. отповикани условни отпусти (N&%)

| | |
|---|---|
| Одобрен | 1032 |
| Отповикан | 66 |
| % на отповикани | 6.4 |

Соодносот на одобрени наспроти отповикани условни отпусти, претставен на Графиконот ?? погоре, покажува дека процентот на отповикани условни отпусти се незначителни и изнесува 6.4%.

Оттука произлегува заклучокот дека малиот број на отповикани условни отпусти треба да влијае мотивирачки за почесто одобрување на условен отпуст.

## 6. Влијанието на ефективен условен отпуст врз донесување закони за амнестија

Ефективен систем на условен отпуст ќе придонесе и за одбегнување на пречестото прибегнување кон донесување закони за амнестија.

Особено е важно да се зачести определувањето заштитен надзор со условниот отпуст, како резултат на што лицето ќе биде под надзор на пробациските служби кои ќе му помогнат за поуспешна социјална интеграција.

Охрабрувачки е што во нашата држава процентот на отповикан условен отпуст е занемарлив иако сеуште не заживеала практиката на определување заштитен надзор.

Внимание во овој контекст заслужува стапката на рецидивизам на амнестираните, кои *ex lege* ја напуштаат КПУ без да биде остварно потребното ниво на ресоцијализација и без подготвеност за правилна социјална адаптација надвор од установите.

Амнестијата води кон ослободување без каков било надзор и во услови на отсуство на постпенална помош, не е невообичаено што стапката на рецидивизам кај амнестираните е висока.

Во однос на рецидивот на амнестираните, законски не постои соодветно решение во смисла на нивен третман или следење во заедницата откако се амнестирани. На лице што е амнестирано не може да му се наметнуваат дополнителни обврски, забрани или ограничувања по основ на фактот што е амнестиран, иако можеби се оценува дека е опасен за околината.[67]

Искуствата со брз рецидив по амнестијата, несомнено, укажуваат на тоа дека во општеството се враќаат лица што и натаму претставуваат опасност.

---

[67] Е. Мујоска-Трпевска/Г. Лажетиќ, Создавање (не)правда: Амнестија во Република Северна Македонија и нејзиното влијание врз рехабилитацијата и ресоцијализацијата на осудените лица, Македонско пенолошко друштво, Скопје, 2023

## 7. Предлози за нов модел на условен отпуст спрема возрасни осудени лица *de lege ferenda*

Сето наведено во оваа анализа има за цел да поттикне размислување дали и во кој правец е потребно да се менува пристапот односно моделот на условен отпуст спрема возрасни осудени лица со цел овој институт да ги постигне очекуваните цели и да биде ефективен модус за успешна социјална реинтеграција.

Во основата, постојат два пристапа кои може да го направат условниот отпуст спрема возрасните поефективен.

### I. Условен отпуст со задолжителен заштитен надзор

Да остане досегашниот дискреционен модел на условен отпуст, но определувањето заштитен надзор да биде задолжително кај возрасни осудени, како што е тоа случајот со засилениот надзор врз деца на условен отпуст согласно ЗПД.

Притоа, ќе биде потребно преиспитување на обврските кај заштитниот надзор во смисла на идентификување обврски/забрани/ограничувања кои може да бидат посоодветни за лица на условен отпуст.

Воспоставување практика за користење електронски мониторинг како дел од заштитниот надзор.

### II. Мешовит модел на условен отпуст за возрасни

Со оглед на фактот што затвореничката популација во нашата држава години station наназад во повеќе од 75% ја чинат затвореници на кои им е изречена казна затвор до една година, корисно се чини прифаќањето мешовит модел на условен отпуст.

Притоа, условниот отпуст би бил задолжителна последна фаза кај кратките казни затвор со можност/обврска за заштитен надзор, додека за подолгите казни затвор би останал досегашниот дискреционен модел со задолжителен заштитен надзор.

Во однос на доживотната казна затвор, нема потреба од било какви промени и досегашниот формално-правен услов – по изминати 25 години во затвор се оценува како оправдано законско решение.

Воедно, потребата од заживување на заштитниот надзор се оценува дека ќе може да се оствари само ако тој стане задолжителен, имајќи ги предвид пенолошките сознанија дека времетраењето на потребата за помош на осудено лице по излегување од установата е речиси правопропорционална со времето што тоа лице го поминало во установата.

Табела ?? – Табеларен приказ на мешовитиот модел на условен отпуст кај возрасни

| Должина на изречена казна затвор | Условен отпуст | | | Заштитен надзор | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Формално-правен услов | Задолжителна последна фаза | Дискреционен модел | Задолжителен | Факултативен |
| До 6 месеци | На 1/2 од казната | √ | | | √ |
| Над 6 -12 месеци | | √ | | √ | |
| Над 1-3 години | На 3/4 од казната | √ | | √ | |
| Над 3-5 години | На 4/5 од казната | √ | | √ | |
| Над 5 години | Правило: на 1/2 од казната<br>Исклучок: на 1/3 од казната | | √ | √ | |
| Доживотна казна затвор | По издржани 25 години | | √ | √ | |

Воедно, се оценува дека ќе биде потребно **изречно да се забрани можноста за условен отпуст,** без оглед на изречената казна затвор за определени кривични дела: сите кривични дела на сексуална злоупотреба на деца, Трговија со луѓе, Трговија со деца, Тероризам и други кривични дела поврзани со него.

## Користени извори

### (според редослед на цитирање)


Moore, J., Alexander Maconochie's „Mark system", Prison Service Journal, 198. pp. 38-46, 2011.

Арнаудовски, Љ./Груевска-Дракулевски, А., Пенологија – прв дел, Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, 2013, стр. 227-230.

Barry, J., Pioneers in Criminology-Alexander Maconochie (1787-1860), The Journal of Criminal Law & Criminology, Vol. 47, p. 145, 1956; White, S., Alexander Maconochie and the Development of Parole, The Journal of Criminal Law & Criminology, Vol. 67, no. 1, pp. 72-88, 1976.

Alexander Maconochie, "General Views Regarding The Social System Of Convict Management", 1839

van Kalmthout, Anton M./ Durnescu, Ioan, European Probation Service Systems A comparative overview, Chapter 1, во A. M. van Kalmthout, & I. Durnescu (Eds.), Probation in Europe, pp. 1-42, Wolf Legal Publishers (WLP), 2008.

Bauwens, A./Devos, A., Probation in Europe – Belgium, CEP - Confederation of European Probation, Utrecht, The Netherlands, 2015

Proposition de loi établissant la libération anticipée, Document parlementaire n° 1-40/1, 07.07.1995 https://www.senate.be/www/?MIval=publications/viewPub.html&COLL=S&LEG=1&NR=40&VOLGNR=1&LANG=fr

Snacken, S./Beyens, K./Tubex, H., Adult corrections in Belgium, in J. Winterdyk (ed.), Adult corrections: international systems and perspectives, pp. 21-61, Monsey, New York: Criminal Justice Press, 2004.

Tubex, H., Dangerousness and risk. From Belgian positivism to new penology, in N. Hutton and C. Tata (eds.), Sentencing and society: international perspectives, pp. 452-468), Ashgate: Aldershot, 2002

Boijsen, G./Tallving, G., Probation in Europe – Sweden, CEP - Confederation of European Probation, Utrecht, The Netherlands, 2017

Hoffman, Peter B., History of the Federal Parole System, NCJ Number 202937, May 2003.

Introductory Handbook on The Prevention of Recidivism and the Social Reintegration of Offenders, Criminal Justice Handbook Series, UNODC, Vienna, 2018.

Recommendation Rec (2003) 22 of the Committee of Ministers to member States on conditional release (parole), Adopted by the Committee of Ministers on 24 September 2003.

Tournier, Pierre V., Systems of Conditional Release ( Parole) in the Member States of the Council of Europe - Between the principle of equality and individualization, pragmatism, Penal Field, Vol. I, 2004.

The Swedish Criminal Code, Chapter 26 – On imprisonment, Section 6, https://bwcimplementation. org/ sites/default/files/resource/Sweden%20 Criminal%20Code%20ENG%20SWE_0.pdf

Criminal Code of Greece, Art. 105-106, 109-110, Mavris, N/Koulouris, N/Anagnostaki, M., Probation in Europe – Greece, CEP - Confederation of European Probation, Utrecht, The Netherlands, 2015

Root and Branch Review of the Parole System: The Future of the Parole System in England and Wales, Presented to Parliament by the Lord Chancellor and Secretary of State for Justice by Command of Her Majesty, March 2022, Crown copyright 2022.

The United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules), https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/Nelson_Mandela_Rules-E-ebook.pdf

European Convention on the Supervision of Conditionally Sentenced or Conditionally Released Offenders Strasbourg, 30.XI.1964, European Treaty Series - No. 51, Strasbourg, 30.XI.1964.

Recommendation No. R (99) 22 of the Committee of Ministers to member States concerning Prison Overcrowding and Prison Population Inflation, Adopted by the Committee of Ministers on 30 September 1999

Recommendation CM/Rec (2017) 3 of the Committee of Ministers to member States on the European Rules on community sanctions and measures, Adopted by the Committee of Ministers on 22 March 2017.

Recommendation Rec (2000) 22 on improving the implementation of the European Rules on community sanctions and measures и Recommendation Rec (92) 16 on the European rules on community sanctions and measures.

Recommendation CM/Rec (2014) 4 of the Committee of Ministers to member States on electronic monitoring, Adopted by the Committee of Ministers on 19 February 2014.

Recommendation CM/Rec(2010)1 of the Committee of Ministers to member states on the Council of Europe Probation Rules, Adopted by the Committee of Ministers on 20 January 2010

Г.Лажетиќ – Бужаровска, Алтернативи за затворот, Студентски збор, Скопје, 2003

Г.Лажетиќ – Бужаровска, Алтернативите за затворот преку научниот опус на проф. д-р Ѓорѓи Марјановиќ до современото кривично законодавство во Македонија, Зборник во чест на проф. д-р Ѓорѓи Марјановиќ, Правен факултет „Јустинијан Први„ во Скопје, декември 2011, стр. 57-75.

Љ.Арнаудовски/А.Груевска-Дракулевски, Пенологија (втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2013, стр. 224.

Е.Мујоска – Трпевска, Кратки казни затвор, Скопје, 2017, стр. 298

В.Камбовски, Казнено право – Општ дел, Култура, 2004, стр. 879.

М.Каневчев, Извршување на општокорисната работа и куќниот затвор според законот за пробација, МРКК, http://www.maclc.mk/Upload/Documents/Metodija%20Kanevchev%201.pdf.

А. Груевска – Дракулевски, Помеѓу казната затвор и условната осуда: предности и негативни страни од (не)примената на алтернативните мерки и на казната затвор, МРКК, http://www. maclc.mk/Upload/Documents/Aleksandra%20GD.pdf

Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14,

160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.36/23 и 188/23

Закон за правда за децата, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/2024

Закон за извршување на санкциите, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24

Закон за пробација, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/2015

Закон за извршување на санкции за кривични дела и стопанските престапи, Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, бр. 19/1979

Закон за извршување на кривичните санкции, Службен весник на Социјалистичка Република Македонија, 47/1973.

Закон за извршување на санкциите, Службен Весник на Република Македонија, бр. 3/1997.

В.Камбвоски, Коментар на Кривичниот Законик на Република Македонија, Матица, Скопје, 2015

Коментар на Законот за правда за децата, група автори, УНИЦЕФ и СППМД, 2018.

Г.Лажетиќ/Л.Нанев/О.Кошевалиска, Постапување со деца во ризик и деца во судир со законот, Универзитетски учебник, Скопје, 2015

Recommendation CM/Rec (2018) 8 of the Committee of Ministers to member States concerning restorative justice in criminal matters, Adopted by the Committee of Ministers on 3 October 2018

Е. Мујоска-Трпевска/Г. Лажетиќ, Создавање (не)правда: Амнестија во Република Северна Македонија и нејзиното влијание врз рехабилитацијата и ресоцијализацијата на осудените лица, Македонско пенолошко друштво, Скопје, 2023